ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА СКОПЈЕ | NP HIGJIENA KOMUNALE SHKUP

www.khigiena.com.mk

Бр./Nr.
02-639

11-03-2022
СКОПЈЕ / SHKUP

УЛ.516 БР. 10
Rr. 516 Nr. 10
1000 СКОПЈЕ / SHKUP
ТЕЛ. / TEL.
02/3224-961
02/3223-593
02/3223 713

ФАКС / FAKS
02/3228906
Е-ПОШТА / E-MAIL:
khs@khs.mk
grizazakorisnici@khs.mk

Сектор / Sektori
Сектор за финансиско работење
Sektorit për punë financia

Елена Дудулоска
Elena Duduloska

Одобрил/Miratoi
Миљаим Алиев
Milaim Aliev

Врз основа на член 19 т.5 од Законот за јавни претпријатија- 38/96, 9/97, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,6/12 119/13, 41/14, 138/14,25/15,61/15,39/16 и 64/18, Правилник за водење сметководство 159/09;164/10 и 107/11, Правилникот за сметководствени политики на ЈП Комунална хигиена (2012) како и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот 107/11, како и Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план 174/11 - Управниот одбор на Претпријатието на својата редовна четврта седница одржана на ден 11.03.2022 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За усвојување на Годишен Извештај за работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2021 година

### Член 1

Се усвојува Годишен Извештај за работењето на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2021 год.

### Член 2

Се задолжува Директорот на Претпријатието, согласно член 23-а, став 1 и 2 од Законот за јавни претпријатија да го достави Годишниот Извештај за работењето на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2021 година до Советот на Град Скопје за давање согласност по истиот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од основачот на Претпријатието.

Управен Одбор
Претседател
Јулијана Спировска

Јавно претпријатие Комунална хигиена СКОПЈЕ SHKUP 1 Ndërmarrja Publike Higjiena komunale

Бр./Nr. 03-597
09-03-2022
СКОПЈЕ/SHKUP

УЛ.516 БР. 10
Rr. 516 Nr.10
1000 СКОПЈЕ/SHKUP
ТЕЛ./TEL.
02/3224-961
02/3223-593
02/3223-713

ФАКС/FAKS 02/3228906
Е-ПОШТА/E-MAIL:
khs@khs.mk
grizazakorisnici@khs.mk

Сектор/Sektori
Сектор за поддршка на менаџментот
Sektori për mbështetjen e menaxhmentit

Изработил/Përgatiti
Ана-Марија Бранѓолица
Ana-MarijaBrangjolica

Одобрил/Miratoi
Миљаим Алиев
MilaimAliev

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавни претпријатија и член 32 од Статутот на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Комунална хигиена-Скопје, на својата втора седница, одржана на ден 09.03.2022 година, донесе

**М И С Л Е Њ Е**

Врз основа на доставените материјали и усното образложение дадено од страна на стручната служба на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Комунална хигиена-Скопје за период I-XII-2021 година и истиот го оцени како објективен и позитивен.

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Комунална хигиена-Скопје дава согласност Извештајот за работењето на ЈП Комунална хигиена-Скопје за период I-XII-2021 година да биде ставен на дневен ред на седница на Управниот одбор на ЈП за негово разгледување и усвојување.

Në bazë të nenit 27 paragrafi 3 nga Ligji për ndërmarrje publike dhe neni 32 nga Statuti i NP Higjiena Komunale - Shkup, Këshilli Mbikëqyrës për kontroll të punës materiale-financiare, në seancën e tij të dytë, të mbajtur më datë 09.03.2022, solli:

**M E N D I M**

Në bazë të materialeve të dorëzuara dhe sqarimit të dhënë gojarisht nga ana e shërbimit profesional të NP Higjiena Komunale - Shkup, Këshilli Mbikëqyrës për kontroll të punës materiale-financiare e shqyrtoi Raportin për punën e NP Higjiena Komunale - Shkup për periudhën I-XII-2021 dhe të njëjtin e vlerësoi si objektiv dhe pozitiv.

Këshilli Mbikëqyrës për kontroll të punës materiale-financiare të NP Higjiena Komunale jep pajtim që Raporti për punën e NP Higjiena Komunale - Shkup për periudhën I-XII-2021 të të vendoset në rend dite të seancës së Këshillit Drejtues të NP për shqyrtim dhe miratim.

**ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА-СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседавач**

**Горан Здравковски**

**NP HIGJIENA KOMUNALE-SHKUP**
**KËSHILLI MBIKËQYRËS**
**Udhëheqës**

**Goran Zdravkovski**

Јавно претпријатие Комунална хигиена СКОПЈЕ SHKUP 1 Ndërmarrja publike Higjiena komunale

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03-639/2

Дата/data 11-03-2022

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - Скопје**

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## За работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје за период I –XII/2021 година

**Март/ 2022 ГОД.**

## С О Д Р Ж И Н А


| Ред.бр | | Стр. |
|---|---|---|
| | ВОВЕД | **3** |
| 1. | ИЗВРШЕНИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ | **7** |
| **1.1.** | **СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД** | **8** |
| | БРОЈ ВИД И ДИНАМИКА НА ОДЛАГАЊЕ НА САДОВИТЕ ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД | **8** |
| | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД | **8** |
| | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД ПО ВИДОВИ САДОВИ | **11** |
| | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД ОД РУРАЛНИ СРЕДИНИ | **11** |
| | СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД И ТРАНСФЕР ЦЕНТРИ | **12** |
| **1.2.** | **ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ** | **13** |
| **1.3.** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **14** |
| **1.4.** | **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | **15** |
| | ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ | **16** |
| **2.** | **МЕХАНООПРЕМЕНОСТ И ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | **17** |
| **3.** | **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | **24** |
| | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ | **24** |
| | ИСКОРИСТЕНОСТ НА РАБОТНО ВРЕМЕ | **25** |
| | ИСПЛАТЕНИ НЕТО ПЛАТИ | **27** |
| **4.** | **ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ** | **28** |
| | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА (БИЛАНС НА УСПЕХ)** | **29** |
| I | ПРИХОДИ | **30** |
| II | РАСХОДИ | **35** |
| | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)** | **45** |
| **А** | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА-АКТИВА** | **45** |
| **Б** | **ГЛАВНИНА,РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (ПАСИВА)** | **47** |
| | **ИВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ** | **51** |
| | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ** | **52** |
| | **ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА** | **53** |
| **5.** | **ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ ИЗРАЗЕН ПРЕКУ ПОВРШИНИ- М$^2$ И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ** | **54** |
| **6.** | **НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ** | **58** |
| **7.** | **ИДЕН РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО** | **60** |

**ВОВЕД**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Назив на субјектот: **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Скопје**
Седиште на субјектот: **ул. 516 бр.10**
ЕДБ на субјектот: **МК 4030992102919**
Идентификационен број: **4528972**

**Основање / правна форма**

Јавното претпријатие ЈП Комунална хигиена –Скопје е организирано со Одлука за поделба на ЈКП Комуналец – Скопје број 02-8800/7 од 08.10.1992 година и е запишано во судски регистар кај Окружниот Стопански суд во Скопје со Решение СРЕГ бр.16602/92 од 29.12.1992 година.
Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје се усогласи со Законот за јавни претпријатија согласно Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04; измени и дополнувања во 84/05, 71/06, 84/05, 25/07, 87/08) при што е упишано во Трговскиот регистар на регистарскиот суд од 03.10.2001 год. со Трег.бр.1470/2001.

Основач и сопственик на Јавното претпријатие е Град Скопје со седиште на Бул. Илинден бр.82 .

Од Март 2012 год. Претпријатието успешно ги воведе и имплементира барањата на Стандардот ISO 9001 за што доби и Сертификат, кој успешно го одржува до денес.

Во тек на 2018 год.ЈП Комунална хигиена се стекна со Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКСЕN ISO 9001:2015 и ги продолжува активностите за имплементирање на барањата на новиот модел 14001:2015.

Ова само ја потврдува стратешката определба на претпријатието и менаџерскиот тим за постојано унапредување и подобрување на работењето и задоволувањето на барањата на корисниците и законските прописи.

**ДЕЈНОСТ**

Јавното претпријатие Комунална хигиена-Скопје врши дејност согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот,Закон за јавна чистота и Националната класификација на дејности со следните називи на дејност:

Шифра на дејноста на ЈП Комунална хигиена е:

**38.11 – Собирање на безопасен отпад;**

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Заради вршење на основната дејност од јавен интерес од областа на комуналните дејности и другите комунални дејности утврдени во измената на Статутот на јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје (Одлука за давање согласност бр. 27-1544/1 од 11.02.2020 донесена од Советот на Град Скопје), а врз основа на групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, во Претпријатието се образуваат самостојни организациски единици, сектори, одделенија и оддели.

Според Правилникот за внатрешна организација, Претпријатието е организирано како следи:

А. Главен асистент на директорот
Б. Помошник на директорот
В. Советник на директорот
Г. Професионална одговорност
Д. Јавни набавки
Ѓ. ЕКО Патрола

1. **Сектор за ревизија на усогласеност и управување со ризици**
2. **Сектор за Комунална хигиена**
3. **Сектор за Комунален отпад од правни лица**
4. **Сектор за дополнителни дејности**
5. **Сектор за механизација**
6. **Сектор за поддршка на менаџментот**
7. **Сектор за финансиско работење**
8. **Сектор за правни работи и општи работи**
9. **Сектор за човечки ресурси**
10. **Сектор за Односи со корисници**
11. **Сектор за ИТ, квалитет и развој**

Во состав на организационите единици - Сектори, се формирани одделенија, а во состав на одделенијата во зависност од техничко - технолошките карактеристики на процесот на работа, се формирани оддели.

## ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Платниот промет Јавното претпријатие го извршува преку повеќе банки со следните жиро сметки и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 300000000398027 | Комерцијална банка Скопје |
| Денарска сметка | 200000098823689 | Стопанска банка Скопје |
| Денарска сметка | 210045289720181 | Тутунска банка Скопје |
| Денарска сметка | 370011100075815 | Еуростандард банка Скопје |
| Денарска сметка | 530010101070538 | Охридска банка Скопје *активна до 27.08.2021 |
| Денарска сметка | 320100021627121 | Централна кооперативна банка Скопје |
| Денарска сметка | 250027000111131 | Шпаркасе банка Скопје |
| Денарска сметка | 290000013363741 | ТТК банка Скопје |
| Денарска сметка | 270045289720188 | ХАЛК банка Скопје |
| Денарска сметка | 380177115405177 | Прокредит Банка Скопје |
| Девизна сметка | 0730070100069274 1-027010006927 | Комерцијална банка АД-Скопје |
| Наменска денарска сметка | 300-000004434973 | Комерцијална банка АД-Скопје |

Средствата за работење на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје во најголем дел се обезбедуваат од цената што корисниците ја плаќаат за извршената услуга ( собирање и транспортирање на комунален отпад) од физички лица –домаќинства и правни лица –стопански и нестопански субјекти.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ЈП Комунална хигиена – Скопје се:

- **Управен одбор** составен од 12 члена, со мандат од 4 години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

**Членови на Управен одбор со мандат до 29.12.2021 година се**:

1. Маја Андова - претседател
2. Мирза Драгуловчанин
3. Шукри Муртези
4. Благој Зашов
5. Виолета Трпчевска
6. Нико Николовски
7. Жаклина Стаменковска
8. Кенан Рамадани
9. Бесник Османи
10. Славе Кралевски
11. Абдула Тачи
12. Зоран Зориќ

- **Надзорен одбор** за контрола на материјално-финансиското работење составен од 5 члена , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје.

**Членови на Надзорен одбор со мандат до 29.12.2021 година се**:

1. Игор Трајковски - претседател
2. Славица Крстевска
3. Душан Мијатовиќ
4. Стевица Георгиевски
5. Бесим Рамадани

На третата седница на Советот на Град Скопје одржана на 29.12. 2021 година, донесени се Одлуки за именување на нови членови на Управниот – Одлука бр.27-11899/1 и Надзорниот одбор – Одлука бр.27-11900/1.Со влегување на сила на овие Одлуки престануваат да важат претходно донесените одлуки.

**За членови на Управен одбор се назначени**:

1. Јулијана Спировска - претседател
2. Ерџан Демир
3. Христина Јованоска
4. Анета Гоцева
5. Тодор Шоптрајанов
6. Јане Поповски
7. Персида Отовиќ Стојановска
8. Гордана Велковска
9. Мируше Лимани Јашари
10. Теута Џафери
11. Љумније Хаскај
12. Влатко Кметовски

- **Надзорен одбор** за контрола на материјално-финансиското работење составен од 5 члена , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје.

**За членови на Надзорен одбор се назначени:**

1. Кристина Апостоловска
2. Ангела Тарчуговска Латиновска
3. Горан Здравковски
4. Цветко Николовски
5. Љуљета Красничи Билали

- **Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.**

ЈП Комунална хигиена во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност, а како овластено лице за застапување до 30.12.2021 е Абдусамед Шабани согласно Решението за разрешување бр.08-11953/1, а со решение за именување на вршител на

должност директор на Јавното претпријатие бр.08-11992/1 од 31.12.2021 со важност од 01.01.2022 година назначен е Зухди Енуз.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Чистење на септички јами;
- Подигнување на згазени и умрени животни
- Постапување со напуштен отпад (диви депонии)

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

## 1. ИЗВРШЕНИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Основна дејност

ЈП Комунална хигиена врши дејност од јавен интерес и како Претпријатие формирано од страна на Градот е јавен сервис за одржување на комуналната хигиена на подрачјето на Град Скопје. Претпријатието учествува во постапувањето со комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје и во поголемиот дел од руралните средини кои се составен дел на скопските Општини.Постапувањето со комуналниот отпад (собирање, транспортирање) е составен дел на интегрираното управување со отпадот во Градот.

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно следните Одлуки донесени од Советот на Град Скопје:

- Програма за управување со отпадот на ниво на Град Скопје за 2021 година - Одлука бр. 27-9885/1 од 17.12.2020 година
- Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје за 2021 година - Одлука бр. 27-9878 /1 од 17.12.2020 година
- Програмата за дополнителни активности за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје за 2021 година – Одлука бр. 27-9997/1 од 22.12.2020 година

### 1.1 Собирање и транспортирање на комунален отпад

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок.

Вкупниот број на поставени наменски садови – контејнери во Градот и во руралните подрачја во 2021 година изнесуваше:

| Вид на сад | Број на поставени контејнери |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1,1 м$^3$** | **3.251** |
| - поставени во урбани средини | 3.108 |
| - поставени во рурални средини | 143 |
| **1. Контејнери од 3,2 м$^3$ литри** | **517** |
| **2. Контејнери од 3,3 м$^3$** (подземни контејнери) | **112** |
| **3. Полуподземни контејнери од 3 м$^3$ и 5 м$^3$** | **6** |
| **5. Пластични канти од 120 литри/собирни места *** | **84.749** |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 64.852 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 17.500 |
| - импровизирани садови/неповратна амбалажа во рурални средини | 2.397 |
| **6. Контејнери за комунален и друг вид неопасен отпад од правни лица** | |
| - контејнери од 5 м$^3$ | 383 |
| - контејнери од 1,1 м$^3$ | 711 |

Од 2019 година се започна со замена на контејнерите од 1,1 м$^3$ со нови пластични контејнери од 3,2 м$^3$ на повеќе локации во Општините Ѓорче Петров, Карпош, Центар,Чаир,Гази Баба, Кисела Вода и Аеродром. До крајот на 2021 година поставени се 517 пластични контејнери од 3,2 м$^3$.

Вкупниот број на микро локации со подземни контејнери изнесуваат 39 микро локации и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Во Општина Центар | 16 микролокации |
| 2. Во Општина Чаир | 5 микролокации |
| 3. Во Општина Кисела Вода | 6 микролокации |
| 4. Во Општина Гази Баба | 6 микролокации |
| 5. Во Општина Аеродром | 6 микролокации |
| Вкупно: | 39 микролокации |

Во м.јуни/2020 година согласно проектот на град Скопје за новиот систем на управување на отпад, во Општина Карпош се пуштени во употреба

полуподземни контејнери на 6 локации со вкупно 6 контејнери од кои 4 контејнери се од 5 м$^3$ и 2 контејнери од 3 м$^3$. Овие контејнери се наменети исклучиво за одлагање на отпад од домаќинствата, а претпријатието ќе го врши подигањето на отпадот.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери кај домаќинства од подземните контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно, а кај правните субјекти согласно постигнатиот меѓусебен договор и потребите на корисникот.

На подрачјето на град Скопје ЈП Комунална хигиена на 130 локации има поставено 294 пластични контејнери во вид на ѕвоно – ИГЛО, наменети за одлагање на стакло. Покрај овие садови се поставија и 105 метални контејнери (жолта и плава боја) за различен тип на отпад – хартија, пластика и лименки, на 95 локации. Во 2021 година, Град Скопје за примена донација од ЗЕЛС, со Одлука бр. 27-1491/1 од 23 .02. 2021 година, ја пренесе во трајно користење, донираната опрема за одлагање на стаклен отпад на шеесет (60) специјализирани пластични зелени контејнери од 1,5 м$^3$ тип игло, за собирање на стаклен отпад на ЈП КХС.

Со осовременување на системот за времено складирање и подигање на комуналниот отпад се подобрува јавната хигиена во Градот.

Микролокациите на садовите за времено одлагање на комуналниот отпад поставени на јавнопрометните површини ги определува надлежен градски орган,согласно сообраќајно - урбанистичките услови, нормативи/критериуми и друга регулатива.

Во текот на 2021 година од подрачјето на Град Скопје и од руралните средини собрани се и транспортирани **166.678 тони** комунален отпад. Направени се **24.797 тури**.Споредено со 2020 година кога беа собрани 158.476 тони и 25.306 тури, бележиме зголемување на собраниот отпад за 8.202 тони, додека кај турите се бележи намалување за 509 тури.

Од вкупната количина на собран и транспортиран комунален отпад за периодот Јануари - Декември/2021 година, ЈП Комунална хигиена од подрачјето на Град Скопје, односно урбаниот дел собра и транспортира **151.657 тони** со направени **21.605 тури**.

Остатокот од **15.021 тони** комунален отпад е собран и транспортиран од руралните средини, за кои се направени **3.192 тури**.

Во прегледот и графичкиот приказ што следи прикажани се вкупно собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје заедно со руралните средини во 2021 година споредено со 2020 година:

## Собран и транспортиран комунален отпад за 2021 година по месеци споредени со 2020 година

| МЕСЕЦИ | Собран комунален отпад во 2021 г. (тони) | Број на тури 2021 | Собран комунален отпад во 2020 г. (тони) | Број на тури 2020 | Индекс/ Отпад (2:4) | Индекс/ Тура (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 12.253 | 1.894 | 11.678 | 2.020 | 104,92 | 93,76 |
| Февруари | 11.550 | 1.665 | 11.488 | 1.977 | 100,54 | 84,22 |
| Март | 13.768 | 2.081 | 12.249 | 2.181 | 112,40 | 95,41 |
| Април | 14.144 | 2.040 | 12.475 | 2.063 | 113,38 | 98,89 |
| Мај | 13.816 | 1.988 | 13.395 | 2.188 | 103,14 | 90,86 |
| Јуни | 13.968 | 1.958 | 13.293 | 2.192 | 105,08 | 89,32 |
| Јули | 15.645 | 2.180 | 14.627 | 2.259 | 106,96 | 96,50 |
| Август | 15.098 | 2.298 | 14.733 | 2.095 | 102,48 | 109,69 |
| Септември | 14.343 | 2.247 | 13.879 | 2.240 | 103,34 | 100,31 |
| Октомври | 14.622 | 2.187 | 14.292 | 2.080 | 102,31 | 105,14 |
| Ноември | 14.238 | 2.164 | 13.221 | 1.933 | 107,69 | 111,95 |
| Декември | 13.233 | 2.095 | 13.146 | 2.078 | 100,66 | 100,82 |
| Вкупно: | **166.678** | **24.797** | **158.476** | **25.306** | **105,18** | **97,99** |




Од вкупно собраниот и транспортиран комунален отпад 166.678 тони од градското подрачје собрано е 151.657 тони( 90,99%) и од рурални подрачја 15.021 тон (9,01%). Споредено со 2020 година, на вкупно комуналниот отпад бележи зголемување за 8.202 тони.

Разгледувано по подрачје, комуналниот отпад собран од градското подрачје бележи зголемување за 9.319 тони , додека кај руралните подрачја има намалување за 1.117 тони и истите сумирани се прикажани во следниот преглед:

| Подрачје | Собран комунален отпад во 2021 г. (тони) | Стр. | Собран комунален отпад во 2020 г. (тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Градско подрачје | 151.657 | 90,99 | 142.338 | 89,82 | **9.319** | **106,55** |
| Рурални подрачја | 15.021 | 9,01 | 16.138 | 10,18 | **-1.117** | **93,08** |
| **Вкупно:** | **166.678** | 100 | **158.476** | 100 | **8.202** | **105,18** |

**Собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови**

Подигнатиот комунален отпад во зависност од садовите за времено одлагање на истиот, во 2021 г. спореден со 2020 г. се прикажани во следниот преглед:

| Видови на садови | 2021 г. (во тони) | Стр. | 2020 г. (во тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Контејнери од 1,1 $м^3$ и 3,2 $м^3$ | 81.276 | 48,76 | 78.827 | 49,74 | 2.449 | 103,11 |
| Пластични садови од 120 л | 74.747 | 44,85 | 69.990 | 44,16 | 4.757 | 106,80 |
| Контејнери од 5 $м^3$ | 10.655 | 6,39 | 9.659 | 6,09 | 996 | 110,31 |
| **ВКУПНО:** | **166.678** | **100** | **158.476** | **100** | **8.202** | **105,18** |

Подигнатиот комунален отпад во 2021 година од контејнери од 1,1$м^3$ и 3,2 $м^3$ изнесува 81.276 тони и во споредба со 2020 година кога беа подигнати 78.827 тони, бележи зголемување за 2.449 тони или за 3,11%.

Кај пластичните садови од 120 л. бележиме зголемување за 4.757 тони (2021 г. – 74.747 а во 2020 г. – 69.990) или за 6,80%.

Зголемување има и кај контејнерите од 5 $м^3$ (правни субјекти) за 996 тони односно 10,31%.

**Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини**

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се 19.897 домаќинства од населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично. Во 2021 год. беа ангажирани 10-12 специјални возила во зависност од потребите за навремено извршување на работните задачи.

Во следниот преглед, како и во графиконот е прикажан и вкупно собран комунален отпад од руралните средини за 2021 година споредени со 2020 год. по месеци:

| Месец | Количина на отпад 2021 г. (во тони) | Број на тури | Количина на отпад 2020 г. (во тони) | Број на тури | Индекс /отпад (2:4) | Индекс /тури (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 1.079 | 256 | 1.179 | 286 | 91,52 | 89,51 |
| Февруари | 909 | 237 | 1.111 | 201 | 81,82 | 117,91 |
| Март | 1.180 | 286 | 1.272 | 286 | 92,77 | 100,00 |
| Април | 1.229 | 281 | 1.430 | 310 | 85,94 | 90,65 |
| Мај | 1.210 | 267 | 1.356 | 288 | 89,23 | 92,71 |
| Јуни | 1.217 | 269 | 1.367 | 299 | 89,03 | 89,97 |
| Јули | 1.402 | 286 | 1.599 | 309 | 87,68 | 92,56 |
| Август | 1.538 | 299 | 1.490 | 284 | 103,22 | 105,28 |
| Септември | 1.447 | 220 | 1.501 | 303 | 96,40 | 72,61 |
| Октомври | 1.300 | 259 | 1.399 | 284 | 92,92 | 91,20 |
| Ноември | 1.287 | 264 | 1.209 | 268 | 106,45 | 98,51 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 1.223 | 268 | 1.225 | 284 | 99,84 | 94,37 |
| Вкупно: | **15.021** | **3.192** | **16.138** | **3.402** | **93,08** | **93,83** |

Во периодот од 01.01 до 31.12.2021 година, од руралните средини на подрачјето на град Скопје собрани се и транспортирани 15.021 тони комунален отпад и во однос на 2020 год – 16.138 тони , помалку за 1.117 тони или за 6,92%.

Бројот на турите во 2021 година изнесуваат 3.192 тури и во однос на 2020 година – 3.402 тури помалку за 210 тури односно за 6,17%.

**Селекција на отпад и трансфер центри**

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата и најлонот, стаклото, како и хартијата и картонската амбалажа се собира, пресува и складира и истата се предава на Пакомак и Нутривет.

Следи преглед и графички приказ на собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа и најлон, хартија и картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 31.12.2021 година споредено со 2020 година:

**Собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 31.12.2021 г. споредно со 2020 г.**

| 2021 г. | ПЕТ амбалажа и најлон(кгр) | Хартија и карт.кути (кгр) | Стакло (кгр.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 0 | 0 | 34.780 |
| Февруари | 0 | 0 | 30.490 |
| Март | 0 | 0 | 38.020 |
| Април | 0 | 0 | 40.430 |
| Мај | 0 | 0 | 54.040 |
| Јуни | 2.589 | 10.930 | 51.100 |
| Јули | 0 | 13.600 | 44.800 |
| Август | 0 | 6.220 | 30.690 |
| Септември | 0 | 5.820 | 54.810 |
| Октомври | 0 | 0 | 37.650 |
| Ноември | 3.060 | 0 | 47.130 |
| Декември | 0 | 0 | 32.590 |
| ***Вкупно 2021:*** | ***5.649*** | ***36.570*** | ***496.530*** |
| ***Вкупно 2020:*** | ***4.000*** | ***14.040*** | ***465.350*** |



Од Прегледот може да се забележи дека во разгледуваниот период има зголемување кај сите видови на собран селектиран отпад. Собраните количини на стакло се зголемени за 31.180 кг. во однос на 2020 година (2021 г. - 496.530 кг. - 2020 г. – 465.350 кг.)

Вкупно собраните количини на хартија и картонска амбалажа за период Јануари-Декември/2021 година бележат зголемување за 22.530 кг. (2021 г. – 36.570 кг. - 2020 г. – 14.040 кг.)

Кај количините на собрана ПЕТ амбалажа и најлон исто така бележиме зголемување. Во 2021 година собрани се 5.649 кг. и во однос на 2020 година кога беа собрани 4.000 кг. има зголемување за 1.649 кг.

**Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини**

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго).

**Категоризација**
**На јавните сообраќајни површини на подрачјето на Град Скопје за 2021**

| Категорија | Површина – $м^2$ | Стр. |
|---|---|---|
| Прва категорија | 422.847 | 7 % |
| Втора категорија | 1.998.032 | 32 % |
| Трета категорија | 3.836.715 | 61 % |
| **Вкупно:** | **6.257.585** | **100%** |

Во продолжение следи Преглед на исчистени површини за период од 01.01 до 31.12.2021 година.

За период од 01.01 до 31.12.2021 година од вкупно планираната површина 690.591.890 $м^2$ остварено е 674.387.150 $м^2$ или за 2,35% помалку во однос со планираната.

**Исчистени јавни сообраќајни површини**
**за перод Јануари – Декември/2021 година**

| Категорија/ месец | Рачно метење | Машинско метење м.мет. | Машинско метење г.мет. | Машинско перење | Рачно перење | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изразено $м^2$ | | | | | | |
| Јануари | 22.066.800 | 600.000 | 6.850.000 | 0 | 0 | 29.516.800 |
| Февруари | 29.700.200 | 575.000 | 2.400.000 | 0 | 0 | 32.675.200 |
| Март | 32.137.800 | 5.025.000 | 2.600.000 | 0 | 0 | 39.762.800 |
| Април | 39.035.380 | 2.750.000 | 3.300.000 | 26.092.500 | 522.000 | 71.699.880 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мај | 31.924.860 | 2.625.000 | 3.700.000 | 24.250.000 | 735.000 | 63.234.860 |
| Јуни | 37.729.380 | 3.150.000 | 4.200.000 | 29.060.000 | 867.000 | 75.006.380 |
| Јули | 37.729.380 | 3.175.000 | 4.300.000 | 28.925.000 | 867.000 | 74.996.380 |
| Август | 36.278.250 | 2.750.000 | 4.000.000 | 27.812.500 | 843.000 | 71.683.750 |
| Септември | 36.278.250 | 2.900.000 | 3.900.000 | 27.992.500 | 834.000 | 71.904.750 |
| Октомври | 36.278.250 | 2.800.000 | 3.800.000 | 28.127.500 | 834.000 | 71.839.750 |
| Ноември | 26.009.000 | 1.425.000 | 7.200.000 | 315.000 | 189.000 | 35.138.000 |
| Декември | 28.078.600 | 1.450.000 | 7.400.000 | 0 | 0 | 36.928.600 |
| ***Вкупно 2021:*** | **393.246.150** | **29.225.000** | **53.650.000** | **192.575.000** | **5.691.000** | **674.387.150** |

На територијата на град Скопје на јавните сообраќајни површини се поставени 2.301 корпа за отпадоци кои се празнеа според утврдената динамика на празнење на корпите по Општини согласно Оперативната програма за 2021 година.

**Празнење на корпи за отпадоци поставени на јавни сообраќајни површини**

| **ОПШТИНИ** | **Број на корпи за отпадоци** | **Динамика на празнење (неделно)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **7 пати (3 х дневно)** | **6 пати** | **3 пати** | **2 пати** |
| Центар | 956 | 380 | 300 | 240 | 36 |
| Кисела Вода | 142 | - | 64 | 50 | 28 |
| Карпош | 231 | - | 115 | 58 | 58 |
| Гази Баба | 117 | - | 56 | 36 | 25 |
| Чаир | 214 | - | 112 | 55 | 47 |
| Чаршија | 85 | 85 | - | - | - |
| Бутел | 169 | - | - | 149 | 20 |
| Ш.Оризари | 13 | - | 10 | - | 3 |
| Ѓ. Петров | 97 | - | 50 | - | 47 |
| Аеродром | 166 | - | 90 | 46 | 30 |
| Сарај | 111 | | 60 | | 51 |
| **Вкупно :** | **2.301** | **465** | **857** | **634** | **345** |

**Дополнителни дејности**

Секторот Дополнителни дејности во рамките на ЈП Комунална хигиена во текот на 2021 година ги извршуваше своите работи и работни задачи во кои се опфатени :

- чистење на септички јами,
- подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини,
- постапување со напуштен отпад (диви депонии)

**Чистење на септички јами**

Чистењето на септички јами се врши по барање на правни лица. Во периодот 01.01 до 31.12.2021 година, извршени се вкупно услуги на 5 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 336 м$^3$. Направени се 42 тури.

| ОПИС | 2021 год. | 2020 год. | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 5 | 3 | 166,67 |
| - Исчистени м$^3$ | 336 | 80 | 420,00 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е зголемен за 66,67%, додека количината на исчистени фекални води изразена во м$^3$ е зголемена за 256 м$^3$ односно за 320%.

**Подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини**

Во прегледот што следи може да се види бројот на подигнати згазени и умрени животни во текот на 2021 година по месеци споредени со истиот период во 2020 година:

| Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I-XII 2021 | I-XII 2020 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 (14:15) |
| Кучиња | 33 | 32 | 51 | 33 | 26 | 34 | 41 | 33 | 30 | 33 | 24 | 20 | 390 | 352 | **110,80** |
| Мачки | 62 | 54 | 70 | 57 | 68 | 81 | 85 | 40 | 55 | 40 | 47 | 27 | 686 | 668 | **102,69** |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 10 | 9 | **111,11** |
| **Вкупно мрши:** | **95** | **86** | **122** | **91** | **94** | **116** | **129** | **74** | **85** | **74** | **73** | **47** | **1.086** | **1.029** | **105,54** |

**Постапување со напуштен отпад (диви депонии)**

ЈП Комунална хигиена во соработка со Град Скопје, во текот на 2021 година, интервенираше во сите Општини на територијата на град Скопје и од создадените диви депонии отстрани 8.970 м$^3$ комунален отпад измешан со градежен шут. Во споредба со 2020 година кога беа отстранети 8.181 м$^3$, бележи зголемување за 789 м$^3$ односно 9,64%.

## Други оперативни активности

**ЕКО - патрола**

Во текот на 2021 година, Еко-патролата има направено вкупно 1.359 записници од кои: 247 за комунален отпад и 1.112 едукативни. Откриени и расчистени се 802 м$^3$ отфрлен градежен отпад и шут и кабаст отпад и гранки. Во прегледот што следи може да се види бројот на извршени интервенции во 2021 година ( комунални записници и откриени и расчистени површини во м$^3$) и по Општини споредени со 2020 година:

**Извршени интервенции за комунален отпад по Општини**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад 2021 г. | | Записници за комунален отпад 2020 г. | | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Откриени и расчистени $M^3$ | Број на записници | Откриени и расчистени $M^3$ | Број на записници | (3:5) | (4:6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 144 | 44 | 118 | 42 | 122,03 | 104,76 |
| 2. | Општина Карпош | 133 | 46 | 127 | 52 | 104,72 | 88,46 |
| 3. | Општина Аеродром | 79 | 29 | 94 | 34 | 84,04 | 85,29 |
| 4. | Општина К.Вода | 80 | 28 | 49 | 18 | 163,27 | 155,56 |
| 5. | Општина Чаир | 281 | 73 | 222 | 61 | 126,58 | 119,67 |
| 6. | Општина Бутел | 12 | 5 | 11 | 4 | 109,09 | 125,00 |
| 7. | Општина Гази Баба | 70 | 21 | 154 | 37 | 45,45 | 56,76 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 2 | 1 | 27 | 12 | 7,41 | 8,33 |
| | **Вкупно:** | **801** | **247** | **802** | **260** | 99,88 | 95,00 |

**Дежурен телефон**

Во текот на 2021 г. на дежурниот телефон биле регистрирани 1.492 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (781 јавувања), како и повици за услугата за подигање на кабаст отпад и шут – 390 јавувања.

**Еколошка едукација**

Одделението за Маркетинг и односи со јавност, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи кои во периодот од Јануари – Декември/2021 година беа откажани поради пандемијата.

**Вонредни активности**

Во делот на вонредните активности ЈП за периодот јануари – декември/2021 година, спроведе повеќе акции за расчистување на диви депонии, отстранување на несоодветно отфрлен градежен и кабаст отпад, машинско и рачно миење на јавните сообраќајни површини.

Претпријатието продолжи да спроведува сезонско машинско миење со автоцистерни на сите булевари и поголеми улици во градот, како и рачно миење, машинско и рачно метење на најфреквентните јавни површини - улицата Македонија, централниот плоштад Македонија и помалите плоштади Филип Втори, Мајка Тереза и Богородица, Камениот мост, мостовите „Гоце Делчев“ и „Слобода“, пешачките мостови во централното градско подрачје и Старата скопска чаршија.

Преку координирани заеднички активности со Градот Скопје и останатите градски јавни претпријатија, беа реализирани акции за генерално чистење на сите скопски општини.

Во периодот јануари - декември/2021 година, ЈП Комунална хигиена Скопје беше ангажирана во расчистување на диви депонии од комунален отпад (градежен шут, земја, гранки и друго) на територијата на сите Општини од Градот Скопје од каде расчисти неправилно отфрлен отпад вкупно 8.970 $м^3$ и во однос на 2020 г. кога беа расчистени 8.181 $м^3$ бележиме зголемување за 789 $м^3$ или за 9,64%

## 2. МЕХАНООПРЕМЕНОСТ, ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО И ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА

### Состојба на возниот парк

Бројот на возила за извршување на основната дејност во 2021 год. изнесува 201 и нивната просечна старост изнесува 9 години.

Возилата за подигнување и транспорт на комунален отпад, цистерни и фекалки, метлачки, и останати возила, групирани по видови, зафатнина, количина прикажани се во следната табела:

| Р.бр | Тип | Зафатнина $м^3$ | Количина | Расход | Вкупен број на возила |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СКВ - кука | 20 | 14 | 1 | 13 |
| 2 | СКВ-рол кипер | 20 | 4 | | 4 |
| 3 | СКВ-комбинирки за 1,1 $м^3$ и 5 $м^3$ | 20 | 4 | | 4 |
| 4 | СКВ-за 3,2$м^3$ | 25 | 4 | | 4 |
| 5 | СКВ - кука | 16 | 21 | 1 | 20 |
| 6 | СКВ - кука | 12 | 5 | | 5 |
| 7 | СКВ - кука | 8 | 14 | 2 | 12 |
| 8 | СКВ - кука | 5 | 30 | | 30 |
| 9 | СКВ-Подигачи | 5 | 11 | 1 | 10 |
| 10 | СКВ - виктории | 3 | 16 | 3 | 13 |
| 11 | СКВ - виктории | 1,5 | 7 | | 7 |
| 12 | Кипери | | 8 | | 8 |
| 13 | Патарки | | 5 | | 5 |
| 14 | Влекачи | | 3 | | 3 |
| 15 | Полуприколки | | 5 | | 5 |
| 16 | Цистерни | 7/8 | 18 | | 18 |
| 17 | Цистерни | 3 | 3 | | 3 |
| 18 | Цистерна-фекалка | 7 | 1 | | 1 |
| 19 | Метларки | | 22 | 1 | 21 |
| 20 | Технички и сервисни возила | | 9 | | 9 |
| 21 | Градежни машини | | 6 | | 6 |
| | **Вкупно:** | | **210** | **9** | **201** |

Во 2021 година, беа расходувани 9 СКВ со сметководствена вредност од 2.532.898,33 денари за кои УЈП со Решение бр.27-374/2 од 11.02.2022 година ги призна расходите во даночен биланс за 2021 година по основ на отпис на преостаната сегашна вредност на средствата кои неможат да се користат. Во текот на 2021 година беа набавени 56 возила за потребите на основната дејностна ЈП и тоа: 34 СКВ, 12 метларки, 8 цистерни и 2 утоварувачи.

Исто така ЈП располага и со 13 метларки на електричен погон, 1 СКВ на електричен погон и 10 електрични машини за вакуумско собирање на смет.

**Потрошувачка на гориво**

**Потрошувачка на Дизел гориво**

Вкупната потрошувачка на **Дизел гориво** за разгледуваниот период во 2021 година како најголем трошок од работењето изнесува 793.911,56 литри и во однос на истиот период од 2020 година - 726.254,76 литри бележи зголемување за 67.656,80 литри - односно за 9,32% (кај специјалните комунални возила зголемување од 70.804,80 литри односно за 10,08%, а кај службените возила - патнички намалување од 3.148 литри односно 13,11%).

Зголемувањето на потрошеното дизел гориво за СКВ - 70.804,80 литри произлегува не само од зголемен обем на работа во 2021 година, туку и од зголемување на возниот парк со 56 нови возила кои се ставени во употреба во текот на 2021 година.

Потрошувачката на бензин еуросупер 95 бележи намалување за 1.883 литри или 3,29%. Плинот ТНГ бележи зголемување од 52 литри, односно 2% прикажана во следниот преглед:

**Потрошено гориво за разгледуваниот период 2021 г.споредено со 2020 г.**

| Ред.бр. | Гориво | I- XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика (2-3) | Индекс (2:3)x100 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **1.** | **Еуродизел гориво (1.1+1.2)** | **793.911,56** | **726.254,76** | **67.656,80** | **109,32** |
| **1.1** | Спец.комунални возила | 773.055,56 | 702.250,76 | 70.804,80 | 110,08 |
| **1.2** | Службени возила (патнички) | 20.856,00 | 24.004,00 | -3.148,00 | 86,89 |
| **2.** | **Еуросупер 95** | **55.312,00** | **57.195,00** | **-1.883,00** | **96,71** |
| **3.** | **Плин Т Н Г** | **2.654,00** | **2.602,00** | **52,00** | **102,00** |

Трошоците за потрошено еуродизел гориво само за специјалните комунални возила кои точат гориво на сопствената бензинска пумпа, како најголем трошок за разгледуваниот период I-XII-2021 година изнесуваат 43.098.873,00 ден. и во однос на истиот период од 2020 г. – 34.065.084,00 ден бележи зголемување од 9.033.789,00 денари односно 26,52%. Зголемениот трошок произлегува од зголемена цена на горивото, која во однос на минатата година бележи зголемување за 16,94%, како и од зголемен обем на работа и 56 нови возила ставени во употреба во 2021 година.

Движењето на просечните продажни цени на горивата во 2021 година споредени со 2020 година се прикажани во следниот преглед:

**Просечни цени на горивата 2021 споредено со 2020 година**

| Гориво | Просечна цена на Дизел гориво, Бензин и ТНГ | | Индекс |
|---|---|---|---|
| | | | (2:3)*100 |
| | I-XII-2021 г. | I-XII-2020 г. | |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Дизел гориво(без ддв) | 51,35 | 43,91 | 116,94 |
| Бензин 95 (без ддв) | 58,86 | 50,26 | 117,11 |
| Т Н Г (без ддв) | 30,60 | 23,73 | 128,95 |

Количината на потрошено дизел гориво на специјалните комунални возила за извршување на оперативни активности според дејности по возила е прикажана во следниот преглед :

**Потрошено еуродизел гориво – литри по типови на возила**

| Ред. број | Видови на возила по намена | Дизел гориво ( литри) | | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | | I-XII-2021 | I-XII-2020 | (2-3) | (2:3)x100 |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Специјални комунални возила за собирање на комунален отпад | 773.055,56 | 702.250,76 | 70.804,80 | 110,08 |
| 2. | Возила за миење и метење на јавни сообраќајни површини | 61.690,30 | 47.097,02 | 14.593,28 | 130,99 |
| 3. | Фекалки | 1.140,08 | 767,93 | 372,15 | 148,46 |
| 4. | Останати возни единици | 22.495,80 | 22.042,07 | 453,73 | 102,06 |
| | **Вкупно:** | **858.381,74** | **772.157,78** | **86.223,96** | **111,17** |

Од прегледот може да се види дека потрошувачката на дизел горивото е зголемена кај сите видови на возила во однос на 2020 година. Кај возилата за собирање и транспорт на комунален отпад зголемувањето за 70.804,80 литри или за 10,08%. Зголемување на потрошувачка на дизел гориво има и кај сите останати позиции: возила за метење и миење на ЈСП зголемувањето е за 14.593,28 л. или за 30,99%, кај фекалките за 372,15 л. или за 48,46% и кај останати возни единици (утоварувачи,вилушкари, подигање на мрши и др.) за 453,73 л. или за 2,06%

За да може да се изврши реална споредба на потрошеното дизел гориво кај возилата за транспорт на комунален отпад со количината на однесениот отпад и бројот на турите истото ќе биде прикажано во следниот преглед:

**Собран и транспортиран комунален отпад и потрошено дизел гориво за период I-XII-2021 год.споредено со I- XII -2020 год.**

| Ред. број | Елементи | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 (2-3) | 5 (2:3)x100 |
| 1. | Потрошено дизел гориво на возилата за собирање на ком.отпад (литри) | 773.055,56 | 702.250,76 | 70.804,80 | 110,08 |
| 2. | Собран и транспортиран комунален отпад(тони) | 166.678 | 158.476 | 8.202,00 | 105,18 |
| 3. | Број на тури на Депонија Дрисла | 24.797 | 25.306 | - 509,00 | 97,99 |
| 4. | Однесен ком. отпад по тура (2:3) | 6,72 | 6,26 | 0,46 | 107,33 |
| 5. | Дизел гориво-лит/тон ком.отпад (1:2) | **4,64 л/тон отпад** | **4,43 л/тон отпад** | | |

За период I-XII-2021 година, од прегледот може да се види дека собраниот и транспортиран комунален отпад е зголемен за 8.202 тони во однос на 2020 година додека бројот на турите во Депонија Дрисла во однос на минатата година е намален 509 тури.

**Потрошувачка на останати видови на гориво**

Количината на потрошено гориво за службените возила -патнички и на специјалните мали возила кои транспортираат отпад, а користат еуросупер 95, како и оние лесни возила кои користат плин и дизел за разгледуваниот период се прикажани во следниот преглед:

**Вкупно потрошено гориво (Бензин еуросупер 95, плин и дизел) за период I - XII - 2021 год.споредено со I - XII - 2020 год.**

| КОРИСНИЦИ | Плин ТНГ/литри | | Еуросупер 95/л | | Еуродизел /л | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I-XII-2021** | **I-XII-2020** | **I-XII-2021** | **I-XII-2020** | **I-XII-2021** | **I-XII-2020** |
| **I - ЛЕСНИ ВОЗИЛА-Патнички** | | | | | | |
| **Вкупно:** | **2.654** | **2.602** | **16.101** | **17.496** | **20.856** | **24.004** |
| **Разлика(2021-2020)** | **52** | | **-1.395** | | **-3.148** | |
| **II - СПЕЦИЈАЛНИ КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА** | | | | | | |
| − Мали возила за собирање на отпад | 0 | 0 | 38.269 | 38.552 | 0 | 0 |
| − Агрегат,метлачки и дувалки | 0 | 0 | 943 | 1.147 | 0 | 0 |
| **Вкупно (1-2)** | **0** | **0** | **39.212** | **39.699** | **0** | **0** |
| **Разлика (2021-2020)** | **0** | | **-487** | | **0** | |
| **СЕ Вкупно(I+II):** | **2.654** | **2.602** | **55.313** | **57.195** | **20.856** | **24.004** |
| **Вкупно разлика (2021-2020)** | **52** | | **-1.882** | | **-3.148** | |

Доколку се спореди вкупно потрошеното гориво за период 01.01-31.12/2021 со истиот период во 2020 година може да се констатира дека:

- плин ТНГ е зголемен за 52 литри
- бензинот еуросупер 95 е намален за 1.882 литри и
- дизел горивото е намалено за 3.148 литри.

По видови на возила потрошувачката е следна:

I . Потрошувачката на горивата кај лесните возила по вид на гориво која може да се види од прегледот е следна :

- Потрошувачка на Плин ТНГ за разгледуваниот период во 2021 година изнесува 2.654 литри и во однос на 2020 г – 2.602 литри бележи зголемување за 52 литри односно за 2% .
- Потрошувачка на бензин ( еуросупер 95) за 2021 година изнесува 16.101 литри и во однос на 2020 г. – 17.496 литри, бележи намалување за 1.395 литри односно за 7,97%.
- Потрошувачка на дизел горивото за 2021 година изнесува 20.856 литри и во однос на 2020 година – 24.004 литри, бележи намалување за 3.148 литри односно 13,11%.

II. Потрошувачката на гориво бензин ( еуросупер 95) кај специјалните комунални возила за собирање и транспорт на комуналниот отпад, метлачки дувалки и кај пијацата за пренесување на контејнери за разгледуваниот период во 2021 година изнесува 39.212 литри и споредено со истиот период од 2020 г.- 39.699 литри бележи намалување за 487 литри односно за 1,23%.

**Инвестиции во основни средства**

Во 2021 година, ЈП реализираше нови инвестиции во основни средства во вкупен износ од **331.689.523,00 денари и тоа од сопствени средства – 122.189.523,00 денари и 209.500.000,00 денари по пат на долгорочно кредитно задолжување**.

ЈП Комунална хигиена – Скопје, по спроведената постапка за кредитно задолжување кај домашна банка, потпиша Договор за одобрување на долгорочен кредит со Комерцијална Банка АД Скопје во износ од 209.500.000,00 денари. Преку објавување на оглас за јавна набавка ЈП Комунална хигиена ги набави СКВ дадени во Преглед бр.1 и истите се реализирани. Вкупниот износ на набавените СКВ изнесува 223.400.000,00 денари, со што вредноста на кредитот е надмината за 13.900.000,00 денари и истите се обезбедени од сопствени средства.

Набавени се повеќе видови на СКВ, цистерни, машини за метење на ЈСП, утоварувач и товарни возила. Направена е и репарација на СКВ. Набавени се и контејнери од 1,1 м$^3$ и 3,2 м$^3$, извршено е редовно сервисирање на подземните контејнери, како и набавка информатичка опрема, алати и машини за работа. (Преглед бр.1)

Во тек е и реализацијата на набавка на СКВ во износ од **3.133.550,00 денари**, за кој е склучен договор во 2021 година, но ќе биде реализирана во текот на 2022 година. (Преглед бр.2)

Исто така на ЈП од страна на Град Скопје е дадена опрема за одлагање на стаклен отпад со Одлука бр.27-1491/1 од 23.02.2021 г. за пренесување на трајно користење на шеесет (60) специјализирани пластични зелени контејнери од 1,5 м$^3$ тип игло, за собирање на стаклен отпад во износ од **1.149.000,00 денари** ( (Преглед бр.3)

Со набавка на овие возила, машини и опрема се подобрува возниот парк и опременоста на претпријатието со што се создаваат оптимални услови за непречено извршување на Оперативните планови и програми за работа.

Исто така во текот на 2021 година, набавени се и 10 канцелариски контејнери за потребите на пунктовите на ИКХ и ОЈЧ.

Во продолжение следат Прегледи на Инвестиции во основни средства по видови и вредности за разгледуваниот период во 2021 година:

**Преглед бр.1**
**На реализирани инвестиции во основни средства за период I-XII-2021 година од сопствени средства и со кредитно задолжување**

| Ред. бр | НАЗИВ ОПРЕМА | Кол. | ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|
| 1. | **СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МАШИНИ – кредитно задолжување и дел сопствени средства** | | |
| | Специјално комунално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад од садовиза отпад од 1,1 и 5 м$^3$ комбинирка со капацитет на надградба до **20м$^3$** | 5 | 35.000.000,00 |
| | Специјално комунално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад од садови за отпад од 120 л. и 1,1 м$^3$ со капацитет на надградба до **16 м$^3$** | 5 | 32.500.000,00 |
| | Специјално комунално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад од садови за отпад со капацитет на надградба до **5 м$^3$** | 10 | 35.000.000,00 |
| | Специјално комунално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад од садови за отпад со капацитет на надградба до **1,5 м$^3$** | 5 | 5.000.000,00 |
| | Товарно моторно возило кипер со капацитет на товарниот сандак до **16 м$^3$** | 2 | 12.000.000,00 |
| | Самоподигнувачи –носивост до **7 тони** | 5 | 25.000.000,00 |
| | Машина за метење на јавни сообраќајни површини – метлачка до **1,5 м$^3$** | 10 | 53.900.000,00 |
| | Цистерни до **10 м$^3$** | 5 | 25.000.000,00 |
| | **Вкупно (1):** | | **223.400.000,00** |
| 2. | **СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МАШИНИ – од сопствени средства** | | |
| | Машина за метење на јавни сообраќајни површини – метлачка до **5 м$^3$** | 2 | 23.700.000,00 |
| | Цистерни до **3 м$^3$** | 3 | 9.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Утоварувач (багер) голем | 2 | 11.385.000,00 |
| | Рол контејнер отворен тип до **38 м$^3$** (испорачани во 01.2022) | 2 | 1.766.450,00 |
| | Репарација на СКВ | 21 | 41.914.500,00 |
| | **Вкупно (2)** | | **87.765.950,00** |
| 3. | **ОПРЕМА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАД** | | |
| | Пластични контејнери за отпад од **1,1 м$^3$** | 200 | 3.110.000,00 |
| | Пластични контејнери за отпад од **3,2 м$^3$** | 80 | 6.400.000,00 |
| | Сервисирање на систем од подземни контејнери на повеќе локации | 15 | 2.996.700,00 |
| | **Вкупно (3)** | | **12.506.700,00** |
| 4. | Алат и машини за работа | | 765.063,00 |
| | **Вкупно (4)** | | **765.063,00** |
| 5. | ИТ Опрема - Хард диск HP DRV 300GB | 1 | 19.060,00 |
| | **Вкупно (5)** | | **19.060,00** |
| 6. | Градежно-занаетчиски работи -Канцелариски контејнери за потребите на ИКХ и ОЈЧ | 10 | 2.950.200,00 |
| | **Вкупно (6)** | | **2.950.200,00** |
| | **Се вкупно (1-6)** | | **327.406.973,00** |

**Преглед бр.2**
**На инвестиции во основни средства кои се во тек**
**за период I-XII-2021 година**

| **Ред. бр** | **НАЗИВ ОПРЕМА** | **Кол.** | **ВРЕДНОСТ** |
|---|---|---|---|
| 1. | **СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МАШИНИ** | | |
| | Рол контејнер затворен тип до **38 м$^3$ реализација во тек** | 3 | 3.133.550,00 |
| | **ВКУПНО (1):** | | **3.133.550,00** |

**Преглед бр.3**
**На инвестиции во основни средства кои се донација од**
**Град Скопје за период I-XII-2021 година**

| **Ред. бр** | **НАЗИВ ОПРЕМА** | **Кол.** | **ВРЕДНОСТ** |
|---|---|---|---|
| 1. | **ОПРЕМА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАД** | | |
| | ПВЦ зелени контејнери од **1,5 м$^3$** игло за собирање на стаклен отпад - **Донација од Град Скопје (ЗЕЛС)** | 60 | 1.149.000,00 |

## 3. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### Број на вработени

Бројот на вработените во ЈП Комунална хигиена-Скопје на ден 31.12.2021 година според Одделението за персонална евиденција изнесува 1.311 вработени. Движењето на работната рака за овој период е следна:

На почетокот на година односно на ден 01.01.2021 година состојбата на работници изнесувала 1.224. Во текот на 2021 година заклучно со 31.12.2021 година, во ЈП по пат на објавени јавни огласи (м.февруари – 9, м.април – 19, м.јуни - 8 м.декември – 3) вработени се 39 работници на неопределено време. Примени се и 131 работник на определено време од 1 година, исто така по пат на објавени јавни огласи (м.февруари – 1, м.март - 115 и м.април - 15).

Од ЈП во текот на 2021 година по разни основи заминале 83 вработени и тоа: 60 работници кои имале статус на вработени на неопределено време и 23 (21 во м.јануари и 2 во м.декември/2021г.) кои имале статус на вработени на определено време. Овие работници заминале по разни основи и истите се прикажани во следната табела:

**Заминати работници по разни основи**

| **Заминати во 2021** | **Број на Работници** |
|---|---|
| По основ на пензија | 27 |
| Инвалидска пензија | 5 |
| Починати | 11 |
| Отказ | 9 |
| По свое барање | 5 |
| Неплатено одсуство | 3 |
| Завршен договор за работа на определено време | 23 |
| **Вкупно:** | **83** |

Бројот на вработените на ден 31.12.2021 година според платните списоци изнесува 1.316 вработени и споредено со 2020 година - 1.251 работници бележи зголемување за 65 работници односно за 5,20 % .

Разликата помеѓу персоналната евиденција (1.311 вработени) и платните списоци (1.316 вработени) заклучно со 31.12.2021 година е 5 вработени. Истатата произлегува од тоа што во м.декември/2021 година, 5 работници заминале во пензија, 2 работници заминале по свое барање, 1 заминал на неплатено отсуство и 3 работници засновале работен однос на неопределено време.

**Просечниот број на вработени по работни места** за разгледуваниот период во 2021 година изнесува 1.309 работници и споредени со 2020 год. - 1.264 работници бележи зголемување за 45 работници односно за 3,56 %.

**Просечниот број на вработени по вкалкулирани часови** за 2021 год. изнесува 1.398 работника и во однос на 2020 год. - 1.353 работници, зголемени

се за 45 работници односно за 3,33 % како резултат на зголемен број на работници кои оствариле и повеќе прекувремени работни часови. Истите се прикажани во прегледот што следи:

**Просечен број на вработени по работни места и вкалкулирани часови за период I – XII – 2021 г. споредени со I – XII – 2020 г.**

| Месец | Просечен број на вработени по работни места | | Индекс (2:3) | Просечен број на вработени по вкалкулирани часови | | Индекс (5:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2020 | | I-XII-2021 | I-XII-2020 | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 1.195 | 1.357 | 88,06 | 1.297 | 1.512 | 85,78 |
| Февруари | 1.196 | 1.346 | 88,86 | 1.173 | 1.467 | 79,96 |
| Март | 1.311 | 1.345 | 97,47 | 1.431 | 1.415 | 101,13 |
| Април | 1.340 | 1.339 | 100,07 | 1.425 | 1.445 | 98,62 |
| Мај | 1.337 | 1.336 | 100,07 | 1.428 | 1.411 | 101,20 |
| Јуни | 1.332 | 1.213 | 109,81 | 1.416 | 1.238 | 114,38 |
| Јули | 1.350 | 1.206 | 111,94 | 1.442 | 1.256 | 114,81 |
| Август | 1.341 | 1.202 | 111,56 | 1.443 | 1.261 | 114,43 |
| Септември | 1.333 | 1.198 | 111,27 | 1.433 | 1.236 | 115,94 |
| Октомври | 1.330 | 1.195 | 111,30 | 1.393 | 1.285 | 108,40 |
| Ноември | 1.325 | 1.189 | 111,44 | 1.415 | 1.197 | 118,21 |
| Декември | 1.322 | 1.240 | 106,61 | 1.485 | 1.513 | 98,15 |
| **Просек** | **1.309** | **1.264** | **103,56** | **1.398** | **1.353** | **103,33** |

Покрај редовно вработените работници во Претпријатието преку АПВ беа ангажирани просечно месечно 170 времени работници.

Преку Град Скопје за период II-XII/2021 година беа ангажирани просечно месечно 100 работници, согласно усвоената Одлука бр.27-9997/1 22 декември 2020 година. Програмата за дополнителни активности на ЈП Комунална хигиена – Скопје во делот на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје за 2020 година и 49 (просечно месечно) вработени хонорарно преку ЈП Комунална хигиена.

## Искористеност на работното време

За разгледуваниот период во ЈП Комунална хигиена-Скопје е остварено вкупно 2.790.115 работни часа и во однос на минатата година 2.699.921 работни часа бележиме зголемување за 3,34 %.

Од вкупниот број на работни часови 2.407.485 часа или 86,29% се од ефективно работно време ,а остатокот од 355.318 час односно 13,71 % отпаѓа на изостанување по разни основи. Остварените часови по видови се прикажани во следниот преглед:

**Остварени часови по видови за период од I-XII-2021 споредено со I-XII-2020г.**

| ОПИС | I-XII-2021 | Стр. | I-XII-2020 | Стр. | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2:4) |
| **1.Вкупно работни часови** | **2.790.115** | **100** | **2.699.921** | **100** | **103,34** |
| **2.Ефективно раб. време** | **2.407.485** | **86,29** | **2.348.893** | **86,26** | **102,49** |
| - од редовна работа | 2.346.298 | 84,09 | 2.301.452 | 85,24 | 101,95 |
| - од прекувремена работа со 50% | 55.757 | 2,00 | 45.207 | 1,67 | 123,34 |
| - од прекувремена работа со 35% | 3.358 | 0,12 | 138 | 0,01 | 2.433,33 |
| - од редовна раб.по Договор | 2.072 | 0,07 | 2.096 | 0,08 | 98,85 |
| **3.Изостанувања** | **382.630** | **13,71** | **351.028** | **13,74** | **109,00** |
| - државни празници | 118.080 | 4,23 | 116.856 | 4,33 | 101,05 |
| - годишен одмор | 209.848 | 7,52 | 190.688 | 7,06 | 110,05 |
| - боледувања до 30 дена | 31.072 | 1,11 | 23.520 | 0,87 | 132,11 |
| - боледување преку ФЗО | 13.328 | 0,48 | 11.096 | 0,41 | 120,12 |
| - породилно отсуство | 8.256 | 0,30 | 7.784 | 0,29 | 106,06 |
| - платено отсуство | 848 | 0,03 | 344 | 0,01 | 246,51 |
| - останато (неоправдани часови) | 1.198 | 0,04 | 740 | 0,03 | 161,89 |
| **4. Ноќна работа - 35%** | **554.929** | | **481.902** | | **115,15** |
| **5. Сменски додаток - 5%** | **135.080** | | **121.120** | | **111,53** |
| **6. Надоместок за раб. во турнус** | **5.663** | | **4.718** | | **120,03** |

Од приложениот преглед на остварени часови во 2021г. во однос на 2020 г. може да се констатира следното:

Вкупните ефективни часови од редовна работа за 2021 г. 2.407.485 часа во однос на 2020 год.- 2.348.893 часа се зголемени за 58.592 часа или за 2,49% како и часовите од редовна работа кои се зголемени за 44.846 или 1,95% остварена претежно од Оперативната програма (собирање на комунален отпад и чистење на Јавните сообраќајни површини).

Прекувремената работа со 50% остварена во недели и државни празници бележи зголемување за 10.550 часа или 23,34%, како и прекувремената работа со 35% која е зголемена за 3.220 часа.

На вкупно часовите од изостанувања бележат зголемување за 31.602 часа или 9 % додека учеството на часови од изостанувања во вкупните работни часови во 2021 година изнесува 13,71 %.

Ова зголемување произлегува од поединечното зголемување кај следните категории на изостаноци: боледувањата преку ФЗО во 2021 година во однос на 2020 година бележат зголемување за 20,12 %. Зголемување бележат и часовите од државни празници 1,05%, годишен одмор 10,05%, платено одсуство 146,51%, неоправданите часови 61,89% .

Зголемување бележиме и кај часовите од изостанување по основ на боледувањата до 30 дена кои паѓаат на товар на Претпријатието и истите се зголемени за 7.552 часа или 32,11% во однос на 2020 година, како и кај породилното одсуство каде часовите се зголемени за 472 часа или за 6,06%.

На име на додаток за ноќна работа (35%) остварени се 554.929 часа кои се за 73.027 часа повеќе од остварените часови во 2020 год (481.902 часа) или за 15,15 %. Надоместокот за работа во турнус е исто така зголемен за 945 часа односно за 20,03%. Додека за додаток за работа во смени ( 5% ) остварени се 135.080 часа во 2021 година и во однос на 2020 година (121.120 часа) бележи зголемување за 13.960 часа односно за 11,53%.

За бруто плати на редовно вработените е исплатено 552.507.550,00 денари, од кои за нето плати се исплатени 371.143.671,00 денари и за даноци и придонеси по основ на плати 181.363.879,00 денари.

Вкупно исплатените нето плати на вработените за 2021 година изнесуваат 371.143.671,00 ден. и во однос на 2020 година - 355.828.864,00 денари се зголемени за 15.314.807,00 денари или за 4,30%.

Исплатената просечна нето плата во ЈП комунална хигиена Скопје за разгледуваниот период изнесува 23.630,00 денари пресметана по работни места и во однос на I-XII-2020 год . е намалена за 1.774,00 денари или за 6,99 %. Според вкалкулирани часови просечната плата изнесува 22.116,00 денари и е намалена за 5,79% во однос на 2020 година. Движењето на исплатената просечна плата по месеци е прикажана во следниот преглед:

**Исплатена просечена нето плата по работни места и по вкалкулирани часови по месеци за период I-XII-2021 г. споредени со I-XII-2020г.**

| Месец | Просечна нето плата по раб.места I-XII-2021 | Просечна нето плата по раб.места I-XII-2020 | Индекс (2:3) | Просечна нето плата по вкалкул.час I-XII-2021 | Просечна нето плата по вкалкул.час I-XII-2020 | Индекс (5:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 24.732 | 23.743 | 104,17 | 22.787 | 22.000 | 103,58 |
| Февруари | 23.627 | 23.207 | 101,81 | 24.089 | 21.699 | 111,01 |
| Март | 22.811 | 22.527 | 101,26 | 20.894 | 21.713 | 96,23 |
| Април | 23.227 | 23.073 | 100,67 | 21.841 | 21.686 | 100,71 |
| Мај | 24.232 | 23.886 | 101,45 | 22.688 | 21.682 | 104,64 |
| Јуни | 23.343 | 23.613 | 98,86 | 21.975 | 21.420 | 102,59 |
| Јули | 23.352 | 23.928 | 97,59 | 21.863 | 21.512 | 101,63 |
| Август | 23.510 | 24.138 | 97,40 | 21.674 | 21.451 | 101,04 |
| Септември | 23.607 | 23.715 | 99,54 | 21.959 | 21.469 | 102,28 |
| Октомври | 24.015 | 24.027 | 99,95 | 22.763 | 21.466 | 106,04 |
| Ноември | 23.511 | 23.197 | 101,35 | 21.864 | 23.030 | 94,94 |
| Декември | 23.587 | 22.600 | 104,37 | 20.991 | 21.437 | 97,92 |
| **Просек** | **23.630** | **25.404** | **93,01** | **22.116** | **23.475** | **94,21** |

За тоа како се движеле просечните плати во Претпријатието пресметани според плати по работни места, споредени со платите на ниво на Република Северна Македонија објавени од Државниот завод за статистика по месеци во 2021 година ќе бидат прикажани во следниот преглед:

| 2021 год. | ЈП Комунална хигиена | РСМ | Индекс (2:3)*100 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 24.732 | 28.272 | 87,48 |
| Февруари | 23.627 | 27.948 | 84,54 |
| Март | 22.811 | 28.217 | 80,84 |
| Април | 23.227 | 28.438 | 81,68 |
| Мај | 24.232 | 28.721 | 84,37 |
| Јуни | 23.343 | 28.744 | 81,21 |
| Јули | 23.352 | 28.540 | 81,82 |
| Август | 23.510 | 28.642 | 82,08 |
| Септември | 23.607 | 28.869 | 81,77 |
| Октомври | 24.015 | 29.145 | 82,40 |
| Ноември | 23.511 | 29.130 | 80,71 |
| Декември | 23.587 | 29.943 | 78,77 |
| **ПРОСЕК:** | **23.630** | **28.717** | **82,28** |

Од приложениот Преглед може да се констатира дека платите во просек се за 17,72% пониски од просекот на ниво на Република Северна Македонија.

## 4. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

### ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА (БИЛАНС НА УСПЕХ)

**Според Извештајот за добивка или загуба (Билансот на успех) ЈП Комунална хигиена - Скопје во тековната 2021 година ги оствари следните финансиски резултати:**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Остварени вкупни приходи** | **1.314.385.592** |
| | Остварени приходи од работењето | **1.308.062.403** |
| | Остварени финансиски приходи | **6.323.189** |
| **2.** | **Остварени вкупни расходи** | **1.355.603.000** |
| | Остварени расходи од работењето | 1.353.050.211 |
| | Остварени финансиски расходи | 2.552.789 |
| **3.** | **Остварена загуба пред оданочување(1-2)** | **41.217.408** |
| **4.** | Данок на добивка | 1.985.757 |
| **5.** | **Нето загуба** | **43.203.165** |

Јавното претпријатие Комунална хигиена - Скопје во 2021 година го завршува своето работење со негативен финансиски резултат – Нето загуба во износ од 43.203.165,00 денари, што е резултат на Загуба пред оданочување во износ од 41.217.408,00 ден. и пресметан данок од добивка во износ од 1.985.757,00 денари.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
# (БИЛАНС НА УСПЕХ)

| Р.бр. | ПОЗИЦИЈА | АОП | 2021 | 2020 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО(202+203+206)** | 201 | **1.308.062.403** | **1.294.836.041** | **101,02** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 1.141.582.341 | 1.109.929.049 | 102,85 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 166.480.062 | 184.906.992 | 90,03 |
| 5 | Капитализирано сопствено п-водство и услуги | 206 | | | |
| 6 | **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208_213+218_222)** | 207 | **1.353.050.211** | **1.231.836.793** | **109,84** |
| 7 | Трошоци за суровини и др. Материјали | 208 | 138.739.859 | 146.557.581 | 94,67 |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | | | |
| 9 | Наб.вред. на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | | | |
| 10 | Услуги со карактер на мат.трошоци | 211 | 231.046.077 | 198.136.533 | 116,61 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 82.859.745 | 111.494.898 | 74,32 |
| 12 | Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 213 | 584.969.644 | 563.201.458 | 103,87 |
| 12.а | Плати и надоместоци на плата (нето) | 214 | 394.393.976 | 379.540.982 | 103,91 |
| 12.б | Трошоци за даноци на плати и надомест. на плати | 215 | 80.075.759 | 77.123.579 | 103,83 |
| 12.в | Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 216 | 105.190.968 | 100.882.844 | 104,27 |
| 12.г | Останати трошоци за вработените | 217 | 5.308.941 | 5.654.053 | 93,90 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематер. Средства | 218 | 112.286.663 | 104.317.245 | 107,64 |
| 14 | Вредносно усогласување на тековни средства | 219 | | | |
| 15 | Вредносно усогласување на нетековни средства | 220 | 175.291.319 | 87.536.778 | 200,25 |
| 16 | Резервирања за трошоци и ризици | 221 | | | |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 27.857.406 | 20.592.300 | 135,28 |
| 18 | **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230_233)** | 223 | **6.323.189** | **12.261.501** | **51,57** |
| 19 | Фин. приходи од поврзани друштва(225 _ 228) | 224 | 0 | 0 | |
| 20 | Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 229 | 4.880 | 6.100 | 80,00 |
| 21 | Приходи по основ на камати од работење со НД | 230 | 6.301.508 | 12.254.094 | 51,42 |
| 22 | Приходи по основ курсни разлики од работ. со НД | 231 | | 383 | 0,00 |
| 23 | Нереализ.добивки од финансиски средства | 232 | | | |
| 24 | Останати финансиски приходи од работ.со НД | 233 | 16.801 | 924 | 1.817,88 |
| 25 | **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239_243)** | 234 | **2.552.789** | **293.673** | **869,26** |
| 26 | Финан.расходи со поврз.друштва(236_238) | 235 | 0 | 0 | |
| 27 | Расходи по основ на камати со НД | 239 | 2.549.444 | 293.673 | 868,12 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики со НД | 240 | 3.345 | | |
| 34 | Добивка од редовното работење (201+223+244) - (204-205+207+234+234) | 246 | | 74.967.076 | |
| 35 | Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245) - (201+223+244) | 247 | 41.217.408 | | |
| 38 | Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | 250 | 0 | 74.967.076 | |
| 39 | Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 251 | | | |
| 40 | Данок на добивка | 252 | 1.985.757 | 13.827.629 | 14,36 |
| 41 | Одложени даночни приходи | 253 | | | |
| 42 | Одложени даночни расходи | 254 | | | |
| 43 | НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВ.ГОД.(250-252+253-254) | 255 | | 61.139.447 | |
| 44 | НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВ.ГОД.(251+252-253+254) | 256 | 43.203.165 | | |
| 45 | Просечен бр. Вработени врз основа на часови на работа во пресмет.период во апсолутен износ | 257 | 1311 | 1224 | |
| 46 | Број на месеци на работење во апсолутен износ | 258 | 12 | 12 | |
| 47 | ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ | 259 | 43.203.165 | 61.139.447 | |

## I. ПРИХОДИ

ЈП Комунална хигиена во 2021 година оствари **вкупни приходи** во износ од 1.314.385.592,00 ден. и во однос на остварените приходи во 2020 година бележи зголемување од 7.288.050,00 ден. односно за **0,56%.**

| ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ | I-XII-2021 год. | Стр. | I-XII-2020 год. | Стр. | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| **Остварени приходи од работењето** | **1.308.062.403,00** | **99,52** | **1.294.836.041,00** | **99,06** | **13.226.362,00** | **101,02** |
| Приходи од продажба | 1.141.582.341,00 | 86,85 | 1.109.929.049,00 | 84,92 | **31.653.292,00** | 102,85 |
| Останати приходи | 166.480.062,00 | 12,67 | 184.906.992,00 | 14,15 | **-18.426.930,00** | 90,03 |
| **Остварени фин. приходи** | **6.323.189,00** | **0,48** | **12.261.501,00** | **0,94** | **-5.938.312,00** | **51,57** |
| **Вкупно:** | **1.314.385.592,00** | **100** | **1.307.097.542,00** | **100** | **7.288.050,00** | **100,56** |

### ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Остварените приходи од работењето во 2021 година изнесуваат **1.308.062.403,00** ден. и во однос на остварените приходи во 2020 година во износ од **1.294.836.041,00** ден. бележат зголемување од **13.226.362,00** ден. односно за **1,02% .**

### ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

Приходите од продажба во вкупниот приход остварен во 2021 година учествуваат со 86,85% (2020г.- 84,92%). Во однос на 2020 година овие приходи се зголемени за **31.653.292,00 денари,** односно за 2,85% што се должи на зголемени приходи од основна дејност, а се остварени по основ на:

| Елементи | Остварено I-XII-2021 | Стр | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| **Приходи од продажба на производи и услуги** | **1.125.893.678,00** | **98,63** | **1.095.615.331,00** | **98,71** | **30.278.347,00** | **102,76** |
| Приходи од стопанство | 445.738.354,00 | 39,05 | 430.134.421,00 | 38,75 | 15.603.933,00 | 103,63 |
| Приходи од домаќинство | 667.276.399,00 | 58,45 | 653.209.700,00 | 58,85 | 14.066.699,00 | 102,15 |
| Приходи од други услуги | 1.419.295,00 | 0,12 | 1.955.445,00 | 0,18 | -536.150,00 | 72,58 |
| Приходи од диви депонии | 9.428.400,00 | 0,83 | 8.597.880,00 | 0,77 | 830.520,00 | 109,66 |
| Приходи од подигање на умрени животни | 1.209.500,00 | 0,11 | 1.189.800,00 | 0,11 | 19.700,00 | 101,66 |
| Приходи од носење вода | 51.177,00 | 0,00 | 42.120,00 | 0,00 | 9.057,00 | 121,50 |
| Приходи од чистење септички јами | 455.730,00 | 0,04 | 292.640,00 | 0,03 | 163.090,00 | 155,73 |
| Приходи од шут и земја | 62.748,00 | 0,01 | 43.622,00 | 0,00 | 19.126,00 | 143,84 |
| Приходи од изнесување на кабаст отпад | 252.075,00 | 0,02 | 149.703,00 | 0,01 | 102.372,00 | 168,38 |
| **Прих. од наемнина - рента контејнери и возила** | **4.605.900,00** | **0,40** | **3.691.000,00** | **0,33** | **914.900,00** | **124,79** |
| **Приходи од наплатени судски такси** | **11.082.763,00** | **0,97** | **10.622.718,00** | **0,96** | **460.045,00** | **104,33** |
| **Вкупно приходи од продажба** | **1.141.582.341,00** | **100,00** | **1.109.929.049,00** | **100** | **31.653.292,00** | **102,85** |

**Приходот кој претпријатието го остварува од вршењето на основната дејност** има најголемо учество во вкупните приходи од 97,50%. (2020г.- 97,60%) и во однос на претходната година е зголемен за 29.670.632,00 денари, односно за 2,74%. Овој приход е остварен од фактурирање на услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички лица и стопански субјекти на територијата на град Скопје и од рурални средини.

Приходот остварен од **правни лица** е зголемен за **15.603.933,00** ден, односно за 3,63% како резултат на ново активирани површини. Овој приход е остварен од фактурирање за услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад на стопански субјекти на територијата на Град Скопје по $м^2$ и приходот од подигање комунален отпад од контејнери од 1,1$м^3$ и од 5$м^3$ на правни лица.

| Приходи од смет правни лица | Остварено I-XII-2021 | Стр. | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| Приходи од смет - правни лица | 427.667.699,00 | 95,95 | 417.159.629,00 | 96,98 | 10.508.070,00 | **102,52** |
| Приходи од подигање смет од 1 $м^3$ | 6.448.367,00 | 1,45 | 5.713.140,00 | 1,33 | 735.227,00 | **112,87** |
| Приходи од подигање смет од 5 $м^3$ | 11.622.288,00 | 2,61 | 7.261.652,00 | 1,69 | 4.360.636,00 | **160,05** |
| **Вкупно** | **445.738.354,00** | **100** | **430.134.421,00** | **100** | **15.603.933,00** | **103,63** |

Приходот од **домаќинство** е зголемен за **14.066.699,00** денари, односно за 2,15% како резултат на зголемен физички обем на услуги.

| Приход од домаќинство | Остварено I-XII-2021 | Стр. | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| Приходи од домаќин.смет-Водовод ( со рурални) | 619.789.823,00 | 92,88 | 606.441.100,00 | 92,84 | 13.348.723,00 | **102,20** |
| Приходи од домаќин.- рурални КХС | 31.261.430,00 | 4,68 | 30.957.144,00 | 4,74 | 304.286,00 | **100,98** |
| Приходи од домаќин. - КХС (Општ.Ш.Оризари) | 16.225.146,00 | 2,43 | 15.811.456,00 | 2,42 | 413.690,00 | **102,62** |
| **Вкупно** | **667.276.399,00** | **100** | **653.209.700,00** | **100** | **14.066.699,00** | **102,15** |

**Приходот од други услуги** е намален за **536.160,00** денари и е остварен по основ на селектиран отпад (стакло), ПЕТ амабалажа, хартија и картон.
Во делот на селекцијата на отпадот, претпријатието вложува огромни напори во спроведување на оваа активност што е од клучно значење за развивање на свеста за заштита на животната средина и намалување на загаденоста на територијата на град Скопје. Но поради светската пандемија, сите планирани промотивни и воспитно-едукативни акции, за деца од предшколска возраст и деца од основното образование, беа откажани.

**Приходот од диви депонии** се остварува по основ на расчистување на диви депонии од груби отпадоци на подрачјето на Град Скопје и истиот е

зголемен за 830.520,00 ден, односно за 9,66% заради намалена количина на расчистен отпад. Во 2021 година количината на расчистен отпад изнесува 8.970 $м^3$ и е поголема во однос на 2020 година за 789 $м^3$ (2020 година- 8.181 $м^3$). За овие услуги, средствата претпријатието ги добива од Градот, согласно усвоениот буџет на град Скопје за 2021 година.

**Приходот од подигнување на згазени и умрени животни** во однос на 2020 година е зголемен за 19.700,00 денари.За овие услуги, средствата претпријатието ги добива од Градот Скопје.

| Елементи | Остварено I-XII-2021 | Остварено I-XII-2020 | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(2-3) | 5(2:3) |
| **Подигање умрени животни** | **1.209.500,00** | **1.189.800,00** | **19.700,00** | **101,66** |

**Приходот за носење вода** е остварен по основ услуга на носење вода со цистерни за физички и правни лица. Овој приход е зголемен за 9.057,00 ден, односно за 21,50%.

**Приходот од чистење септички јами** е остварен за извршена услуга со цистерна (фекалка) од правни и физички лица и истиот е зголемен за 163.090,00 денари, односно за 55,73%, како резултат на поголем број барања од страна на овие субјекти за интервенција на нашата служба за чистење на септички јами.

**Приходот од подигање на шут и земја како и приходот од изнесување на кабаст отпад** имаат минимално учество во вкупниот приход од продажба, но покажуваат зголемување за 121.498,00 денари (212,23%) во однос на претходната година. И покрај огромниот напор што го прави одделението за еко-патрола, проблемот со градежниот шут, сè уште корисниците се обидуваат да го решат на нелегален начин, со создавање на диви депонии од овој вид на отпад.

**Приход од наем на опрема** е зголемен за 24,79% а се остварува по основ на изнајмување на контејнери од 1,1$м^3$ и 5$м^3$ како резултат на зголемената потреба кај правните лица за изнајмување на контејнери за одлагање на отпад, на кој ги обврзува Законот за јавна чистота.

**Приходот од наплатени судски такси** е зголемен за 460.045,00 денари или за 4,33%, што е резултат на поголема наплата на такси од тужени побарувања во однос на минатата година.

## ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи во вкупниот приход на претпријатието учествуваат со 12,67%. Во оваа категорија евидентирани се следните приходи:

| К-то | Останати приходи | Остварено I-XII-2021 | Стр. | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | | 3 | . | 4(2-3) | 5(2:3) |
| 76701 | Приходи од субвенции (за вработени Гр.Скопје) | 18.405.607,00 | 11,06 | 18.189.382,00 | 9,84 | 216.225,00 | 101,19 |
| 76703 | Приходи од донации (амортизација на донирани возила од г.Скопје) | 24.346.825,00 | 14,62 | 30.349.841,00 | 16,41 | -6.003.016,00 | 80,22 |
| | Финансиска поддршка од Влада на РСМ | 0,00 | 0,00 | 21.503.500,00 | 11,63 | 0,00 | 0,00 |
| | Финансиска поддршка од Град Скопје | 40.000.000,00 | 24,03 | 40.000.000,00 | 21,63 | 0,00 | 100,00 |
| 764 | Приходи од вишок на стоки во магацин | 286.496,00 | 0,17 | 334.375,00 | 0,18 | -47.878,70 | 85,68 |
| 76500 | Приходи од наплатени вредносно усогласени побарувања | 81.418.207,00 | 48,91 | 74.174.166,00 | 40,11 | 7.244.041,00 | 109,77 |
| 7661 | Приходи од заштита од ризик - банкарска гаранција | 295.000,00 | 0,18 | 0,00 | 0,00 | 295.000,00 | 0,00 |
| 76900 | Приходи по основ на поврат на средства по пресуди | 106.867,00 | 0,06 | 85.341,00 | 0,05 | 21.526,00 | 125,22 |
| 7691 | Прих.од надом.на штети од осиг.ком. | 517.187,00 | 0,31 | 161.090,00 | 0,09 | 356.097,00 | 321,05 |
| 7696 | Допол.утврд.приходи од минати години | 1.103.873,00 | 0,66 | 109.297,00 | 0,06 | 994.576,00 | 1.009,97 |
| | **Вкупно останати приходи:** | **166.480.062,00** | **100** | **184.906.992,00** | **100** | **-18.426.930,00** | **90,03** |

Кај **останатите приходи** за 2021 година се забележува намалување за 18.426.930 денари, односно за 9,97%. Најголемо учество кај овие приходи има приходот од наплатени вредносно усогласени побарувања (нетужени над една година и тужени побарувања) – 48,91%.

Во овој период, менаџерскиот тим, преку стручните служби во претпријатието, ги продолжи активностите во делот на наплата на овие побарувања, со превземање на сите правни мерки за обезбедување на истите.

**Приходот од наплатени вредносно усогласени побарувања** (нетужени над една година и тужени побарувања), има учество од 48,91**%** во вкупните останати приходи во 2021 година(2020година- 40,11%) и истиот во однос на минатата година бележи зголемување во учеството на приходите за 8,80%. Во следната табела е прикажан приходот остварен по квартали за 2021 година:

| К-то | Опис | 31.3.2021 | 30.6.2021 | 30.9.2021 | 31.12.2021 | Вкупно од 01-12/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7(3-6) |
| 765 | Приходи од наплатени вредносно усогласени побарувања | 21.270.393,00 | 24.804.103,00 | 17.158.981,00 | 18.184.730,00 | **81.418.207,00** |
| | Приходи од напл вред. Усогл. побарув домаќинство | 13.019.428,00 | 13.307.204,00 | 10.912.139,00 | 16.053.028,00 | **53.291.799,00** |
| | Приходи од напл вред. усогл побар. од фирми, и фирми во стечај и ликвидација | 8.250.965,00 | 11.496.899,00 | 6.246.842,00 | 2.131.702,00 | **28.126.408,00** |

Согласно Програмата за дополнителни активности за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје (за подобро и поквалитетно одржување на јавните сообраќајни површини- миење и метење), за времено ангажираните лица преку Град Скопје, претпријатието добиените средства ги искажува на позицијата **приход од субвенции**. Се забележува зголемување од 216.225,00 денари или за 1,19%. Согласно усвоениот буџет на Град Скопје за 2021 година и Програмата, по овој основ е планирано времено ангажирање на лица за период од 01.02-31.12/2021 година. Во 2021 година просечниот број на ангажирани работници преку Градот изнесува 100 работници и во однос на 2020 година е на исто ниво. Во буџетот на град Скопје, како тековни оперативни расходи, по овој основ се предвидени средства во износ од 18.500.000,00 денари.

**Приходот по основ на донации** е намален за 8,53**%.** Во овој приход се вкалкулирани добиената финансиска помош од Г.Скопје, како и приходот по основ на добиени донации во трајно користење. Овие приходи, согласно МСС произлегуваат од височината на пресметаната амортизација за период 01-12/2021 година, на средства, претежно од специјални комунални возила и опрема за комунална дејноста, добиени од градот Скопје како донација, а се строго наменски за обавување на основната дејност на претпријатието-одржување на хигиена и заштита на животната средина.

**ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ**

Во 2021 година бележиме намалување на финансиските приходи за 48,43% или во апсолутен износ од 5.938.313,00 денари. Овие приходи се по основ на наплатена камата за тужени побарувања и за ненавремено плаќање на доспеан долг. Во 2021 година се наплатија многу поголем број на тужби а со тоа и камати кои беа со помала вредност.

| К-то | ОПИС | Остварено I-XII-2021 | Стр. | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3) | 5(2:3) |
| **775** | **Приходи по основ на поз.курсна разлика** | **0** | **0,00** | **383** | **0** | **-383,00** | **0,00** |
| **774** | **Вкупно Приходи по основ на камати од работ.со неповрзани друштва** | **6.301.508,00** | **1,00** | **12.254.094,00** | **99,94** | **-5.952.586,00** | **51,42** |
| | Приходи по основ на камати од работењето | 53,00 | 0,00 | 18 | | **35,00** | **294,44** |
| | Приходи по основ на камати од домаќин. | 4.595.710,00 | 0,73 | 3.283.893,00 | 26,78 | **1.311.817,00** | **139,95** |
| | Приходи по основ на камати од правни лица | 1.705.745,00 | 0,27 | 8.970.183,00 | 73,16 | **-7.264.438,00** | **19,02** |
| **776** | **Прих. од дивиденди-РЖ Техничка контрола** | **4.880,00** | **0,00** | **6.100,00** | **0,05** | **-1.220,00** | **80,00** |
| **779** | **Останати финан.приходи од работење** | **16.800,00** | **0,00** | **924,00** | **0,01** | **15.876,00** | **1817,82** |
| | **Вкупно Финансиски приходи (1+2+3+4)** | **6.323.188,00** | **2,00** | **12.261.501,00** | **100** | **-5.938.313,00** | **51,57** |

Најголемо намалување има кај приходите по основ на камати од правни лица кои се намалени за 7.264.438,00 ден. Овие приходи се остваруваат по основ на наплатени камати од тужени правни лица и во 2021 година се намалени затоа што во 2020 година по основ на тужби беа наплатени камати од Државен студентски дом во износ од 1.908.997,00 денари и од ЈЗУ Универзитетски клиники во износ од 5.153.826,00 денари.

## II.РАСХОДИ

Вкупните расходи за 2021 година изнесуваат 1.355.603.000,00 денари и во однос на 2020 година - 1.232.130.466,00 денари се зголемени за 123.472.534,00 денари односно за 10,02%.

Ова зголемување на расходите произлегува првенствено од :

- зголемено вредносно усогласување по основ на тужење на правни лица и домаќинства ( извршени се вкупно 4 партии на утужување на домаќинства – 2 преку ЈП Водовод и канализација и 2 преку ЈП КХС);
- зголемен број на тужени побарувања по основ на спорови по пресуди за исплатен надомест на штета на граѓани од каснување на куче;
- со повлекување на средствата од одобрениот долгорочен кредит започна и отплата по основ на камата која сме ја немале во 2020 година.

| | ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ | Остварено I-XII-2021 | Стр. | Остварено I-XII-2020 | Стр. | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | Остварени расходи од работењето | 1.353.050.211,00 | 99,81 | 1.231.836.793,00 | 99,98 | 121.213.418,00 | 109,84 |
| II. | Остварени финансиски расходи | 2.552.789,00 | 0,19 | 293.673,00 | 0,02 | 2.259.116,00 | 869,26 |
| | **Вкупно** | **1.355.603.000,00** | **100** | **1.232.130.466,00** | **100** | **123.472.534,00** | **110,02** |

### I. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Расходите од работење 2021 година изнесуваат 1.353.050.211,00 ден. и во однос на 2020 година - 1.231.836.793,00 денари се зголемени за 121.213.418,00 денари односно за 9,84% како резултат на зголемено вредносно усогласување на побарувања т.е. тужење.

Аналитички кај **расходите од работењето** во одделни категории на трошоци се забележуваат следните отстапувања:

| Трошоци за ситен инвентар амбалажа,автогуми и ЛЗО | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 7.098.267,00 | 7.279.700,00 | -181.433,00 | 97,51 |
| Потрош. мат. за тековно одржување | 12.855.368,00 | 12.448.442,00 | 406.926,00 | 103,27 |
| Потрошена енергија | 65.518.453,00 | 51.005.085,00 | 14.513.368,00 | 128,45 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени резервни делови | 36.483.272,00 | 44.740.418,00 | -8.257.146,00 | 81,54 |
| Трошоци за ситен инвентар амбалажа, автогуми и ЛЗО | 16.784.499,00 | 31.083.845,00 | -14.299.346,00 | 54,00 |
| **Вкупно:** | **138.739.859,00** | **146.557.490,00** | **-7.817.631,00** | **94,67** |

И покрај тоа што бележиме зголемување кај одделни позиции на трошоци на вкупно **трошоците за суровини и други материјали се намалени за 5,33%**, и истите произлегуваат од следните категории на трошоци:

Бележиме намалување на потрошени суровини, потрошен помошен и канцелариски материјал од магацини за 181.433,00 денари.

**Трошоците за материјали за тековно одржување** се зголемени за 3,27**%,** по основ на потрошени материјали за тековно одржување на возила, потрошен глицерин, трошоци направени за вградените тркала за контејнери како и издадени полски метли за одржување на јавната хигиена. Како и средствата за чистење, дезинфицирање и одржување на возниот парк и работните простории, кои спаѓаат во оваа категорија.

**Потрошената енергија** бележи најголемо зголемување во оваа категорија на трошоци за 28,45%, која произлегува од зголемен трошок на екстра лесна нафта за домаќинства (за парно греење), мазиво и уље кое се користи за одржување на возниот парк, како и зголемената цена на електрична енергија.

| ПОЗИЦИЈА | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошена електрична енергија | 5.634.235,00 | 4.103.926,00 | 1.530.309,00 | 137,29 |
| Потрошено гориво за лесни возила | 4.989.660,00 | 4.567.981,00 | 421.679,00 | 109,23 |
| Потрошено гориво-екстра лесна нафта за парно и мазиво и уље | 10.723.729,00 | 8.268.094,00 | 2.455.635,00 | 129,70 |
| Потрош. гориво дизел | 44.170.829,00 | 34.065.084,00 | 10.105.745,00 | 129,67 |
| **Вкупно :** | **65.518.453,00** | **51.005.085,00** | **14.513.368,00** | **128,45** |

Потрошеното дизел гориво кое го користат специјалните комунални возила бележи зголемување за 10.105.745,00 ден. како резултат на повисока просечна цена на дизел горивото и ставањето во употреба на нови СКВ во текот на 2021 година. Просечната цена на горивото- дизел од 43,91 ден/л.(2020 год.) во 2021 година се зголеми на 51,35 ден/л.

За одржување на возниот парк во функција, чија просечна старост е 9 години, потребни се и набавки на резервни делови за специјалните комунални возила кои во 2021 година се намалени за 18,46%. Ова намалување произлегува од тоа што во текот на 2021 година беа ставени во употреба новонабавените СКВ.

**Намален трошок на ситен инвентар и лична заштитна опрема за 14.299.346,00 денари.**

| ПОЗИЦИЈА | 2021 | 2020 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Потрошен ситен инвентар и ЛЗО | 7.373.799,00 | 21.471.366,00 | -14.097.567,00 | 34,34 |
| Трошоци за автогуми | 9.410.700,00 | 9.612.479,00 | -201.779,00 | 97,90 |
| **Вкупно ситен инвентар во употреба и автогуми** | **16.784.499,00** | **31.083.845,00** | **-14.299.346,00** | **54,00** |

Трошоците за ЛЗО опрема за вработените, во 2021 година се намалени за 65,66% или за 14.097.567,00 денари. Ова намалување произлегува од тоа што во 2020 година е извршена обнова на зимската и летната ЛЗО за вработените од оперативата.

**УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

**Услуги со карактер на материјални трошоци** кои претпријатието ги користеше од други правни лица се зголемени за 16,61**%.** Истите се неопходни за оптимално функционирање на претпријатието.

| Опис | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Транспортни услуги | 10.403.522,00 | 10.320.893,00 | 82.629,00 | 100,80 |
| Услуги за тековно одржување | 41.283.272,00 | 30.515.527,00 | 10.767.745,00 | 135,29 |
| Наемнини | 14.149.257,00 | 10.946.260,00 | 3.202.997,00 | 129,26 |
| Останати услуги | 165.210.026,00 | 146.353.853,00 | 18.856.173,00 | 112,88 |
| **Вкупно:** | **231.046.077,00** | **198.136.533,00** | **32.909.544,00** | **116,61** |

Трошоците за транспортни услуги се зголемени за 82.629,00,00 ден.и се состојат од следните трошоци:

| К-то | Транспортни услуги | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 41006 | Такси превоз | 0,00 | 109,00 | -109,00 | 0,00 |
| 41007 | Транспортни услуги - шлеп служба | 38.500,00 | 0,00 | 38.500,00 | 0,00 |
| 41100 | Трошоци за поштарина | 7.633.262,00 | 7.124.252,00 | 509.010,00 | 107,14 |
| 41101 41110 | Трош.за фиксни телефони | 720.583,00 | 618.305,00 | 102.278,00 | 116,54 |
| 41102 | Трош.за мобилни телефони | 1.048.868,00 | 1.595.251,00 | -546.383,00 | 65,75 |
| 41109 | Трошоци за одржување на мрежа | 936.263,00 | 963.840,00 | -27.577,00 | 97,14 |
| 4119 | Други телекомуник. услуги | 26.046,00 | 19.136,00 | 6.910,00 | 136,11 |
| | **Вкупно:** | **10.403.522,00** | **10.320.893,00** | **82.629,00** | **100,80** |

Зголемување бележиме на поштенските трошоци во износ од 509.010,00 ден, ова зголемување се должи на спроведеното утужување на домаќинствата во 2021 година.

Кај трошокот за фиксни телефони бележиме зголемување за 16,54% поради тоа што во него покрај споменатиот трошок, влегува и трошокот за дигитални сертификати кој сме го немале во 2020 година.

Поради намалување на трошоците и оптимално користење на мобилните броеви во 2021 година е намален бројот на корисници, а со тоа и трошокот во овој дел е намален за 34,25%.

Зголемени услуги за тековно одржување за 10.767.745,00 денари:

| К-то | Усл.за тековно одржување | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 41300 | Усл.за тек. одржување возила, ЕРП софтвер, ИТ, телекомуникациска и видео опрема | 35.635.774,00 | 25.820.686,00 | 9.815.088,00 | 138,01 |
| 41302 | Трош. за репарација на контејнери | 3.477.408,00 | 2.238.967,00 | 1.238.441,00 | 155,31 |
| 41303 | Трош. за одржување работни простории | 240.847,00 | 322.736,00 | -81.889,00 | 74,63 |
| 41309 | Услуги за архивирање на документација | 1.785.300,00 | 1.940.775,00 | -155.475,00 | 91,99 |
| 412,4139 | Други услуги за одржување | 143.943,00 | 192.363,00 | -48.420,00 | 74,83 |
| | **Вкупно:** | **41.283.272,00** | **30.515.527,00** | **10.767.745,00** | **135,29** |

**Услугите за тековно одржување** се однесуваат на услуги за тековно одржување - поправка на возила, ЕРП софтвер, ИТ, телекомуникациска и видео опрема, трошоци за репарација на контејнери, трошоци за одржување на работни простории и трошоци за архивирање на документација.

Најголемо процентуално зголемување бележиме кај трошокот за репарација на контејнери – 55,31% и кај услугите за тековно одржување за 38,01%. Овие трошоци се неопходни како би немало застој во секојдневното извршување на основната дејност на ЈП.

**Трошоците за наемнина**, на вкупно се зголемени за **29,26 %** , бидејќи во текот на оваа година имаше потреба од дополнително изнајмување на градежни машини за расчистување на диви депонии и сметишта.

| к-то | Наемнина | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 414 | Наемнина за деловни простории | 10.487.523,00 | 10.471.260,00 | 16.263,00 | 100,16 |
| 4144 | Наем на градежни машини | 2.996.734,00 | 0,00 | 2.996.734,00 | 0,00 |
| 4149 | Наем на ВЕБ апликација за следење на возила (GPS уреди) | 665.000,00 | 475.000,00 | 190.000,00 | 140,00 |
| | **Вкупно:** | **14.149.257,00** | **10.946.260,00** | **3.202.997,00** | **129,26** |

**Останатите услуги за оперативно работење** се зголемени за 18.856.173,00 ден односно за 12,88%

| К-то | Останати услуги | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **415-419** | **Останати трошоци** | **2.080.723,00** | **3.620.388,00** | **-1.539.665,00** | **57,47** |
| 41500, 415001 415002 | Трошоци за вода, одржување на зелени површини | 1.633.653,00 | 1.406.631,00 | 227.022,00 | 116,14 |
| 4159 | Др.комунални услуги приклучок на дистрибутерска мрежа | 90.980,00 | 358.118,00 | -267.138,00 | 25,41 |
| 417 | Трош.за реклама и пропаганда | 356.090,00 | 1.855.639,00 | -1.499.549,00 | 19,19 |
| **419** | **Останати други услуги** | **163.129.303,00** | **142.733.465,00** | **20.395.838,00** | **114,29** |
| 41902 | Над.за јавни патишта | 1.026.281,00 | 887.605,00 | 138.676,00 | 115,62 |
| 41900; 41903 | Занаетчиски услуги од други | 61.408,00 | 117.180,00 | -55.772,00 | 52,40 |
| 41905; 41906 | Патарина,трошоци за паркирање | 204.898,00 | 227.234,00 | -22.336,00 | 90,17 |
| 41912 | Трош.за депонирање - Дрисла | 113.393.988,00 | 107.777.617,00 | 5.616.371,00 | 105,21 |
| 41933 | Услуги на контрола на квалитет и атестирање | 94.000,00 | 30.750,00 | 63.250,00 | 305,69 |
| 41901 41932 41939 | Регистрација на возила, рег.таблици, технички преглед | 285.493,00 | 60.770,00 | 224.723,00 | 469,79 |
| 41910, 4194 | Печатар.услуги | 78.725,00 | 114.250,00 | -35.525,00 | 68,91 |
| 41941 | Услуги за фотокопирање | 1.200,00 | 1.000,00 | 200,00 | 120,00 |
| 41992 | ЈП Водовод плати | 18.841.237,00 | 18.828.074,00 | 13.163,00 | 100,07 |
| 41993 | ЈП Водовод материјални трошоци | 29.138.318,00 | 14.687.485,00 | 14.450.833,00 | 198,39 |
| | Трошоци за печатење,сметки и опомени | 12.001.056,00 | 5.885.406,00 | 6.115.650,00 | 203,91 |
| | Трошоци за адвокати и извршители | 17.137.262,00 | 8.802.079,00 | 8.335.183,00 | 194,70 |
| 41998 | Други услуги | 3.755,00 | 1.500,00 | 2.255,00 | 250,33 |
| **415,417,419** | **Вкупно:** | **165.210.026,00** | **146.353.853,00** | **18.856.173,00** | **112,88** |

Најголемо зголемување во апсолутен износ од 8.335.183,00 денари, се забележува кај материјалните трошоци фактурирани од страна на ЈП Водовод и канализација, по основ на заедничкото утужување, а се однесуваат за адвокати, нотари и извршители.

Трошоците за печатење сметки и опомени исто така се зголемени за 6.115.650,00 ден. по основ на заедничкото тужење со ЈП Водовод и канализација.

Трошоците за вода бележат зголемување за 227.022,00 ден. во однос на 2020 година поради зголемен обем на возила и потребата за нивно редовно перење и одржување.

Трошоците за реклама и пропаганда се намалени за 1.499.549,00 денари или за 80,81%.

Во оваа група на трошоци зголемување има и кај следните трошоци:

Трошоците за депонирање на отпад се зголемени за 5.616.371,00 денари, односно за 5,21% , поради поголема количина на депониран отпад за 8.202 тони (2021 – 166.678 тони - 2020 – 158.476 тони )

| ПОЗИЦИЈА | 2021 | 2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци за депонирање | **113.393.988,00** | **107.777.617,00** | **5.616.371,00** | **105,21** |

Во 2021 годинатрошоците за депонирање изнесуваат 113.393.988 ден. и се по основ на депониран отпад и шут. Во 2020 година трошоците за депонирање изнесуваат 107.777.617,00 ден. што може да се види од приложениот преглед:

| ПОЗИЦИЈА | I-XII-2021 | | I-XII-2020 | |
|---|---|---|---|---|
| | тони | износ ( ден.) | тони | износ ( ден.) |
| Трошоци за депониран отпад | 166.678 | 113.350.640,00 | 158.476 | 107.763.313,00 |
| Трошоци за депониран шут | 216,74 | 43.348,00 | 71,52 | 14.304,00 |
| **Вкупно:** | **166.894,74** | **113.393.988,00** | **158.547,52** | **107.777.617,00** |

**ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

| к-то | Опис | 2021 | 2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 442 | Персонален данок по разни основи | 131.168,00 | 126.121,00 | 5.047,00 | 104,00 |
| 442 | Надомест на членови од Управен Одбор и Надзорен Одбор | 1.845.153,00 | 2.117.400,00 | -272.247,00 | 87,14 |
| 443 | Трошоци за спонзорства,донации | 8.826,00 | 108.236,00 | -99.410,00 | 8,15 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 0,00 | 70.828,00 | -70.828,00 | 0,00 |
| 445 | Премии за осигурување | 1.740.675,00 | 1.380.353,00 | 360.322,00 | 126,10 |
| 446 | Банкарски услуги и трошоци за плата, провизија за враб от.АПВ и др. | 5.806.648,00 | 7.552.839,00 | -1.746.191,00 | 76,88 |
| 447 | Даноци, придонеси, член. | 612.190,00 | 455.050,00 | 157.140,00 | 134,53 |
| 448 | Надомест за лиценци | 0,00 | 18.013,00 | -18.013,00 | 0,00 |
| 44900 | Смет.и финан.правни, нотар, превод преписи,вештачење | 11.625.122,00 | 10.812.934,00 | 812.188,00 | 107,51 |
| 44907 44908 | Трошоци за суд.такси | 1.760.050,00 | 1.913.826,00 | -153.776,00 | 91,96 |
| 44910 | Трош.услуги од АПВ | 56.336.715,00 | 84.801.027,00 | -28.464.312,00 | 66,43 |
| 449101 | Трош.за отпремн.на враб. АПВ | 256.510,00 | 168.578,00 | 87.932,00 | 152,16 |
| 44930,31, 32,33 | Трош. за струч.списанија, објавување огласи | 973.403,00 | 706.311,00 | 267.092,00 | 137,82 |
| 44911 | Остан.Здравствени услуги | 1.616.700,00 | 1.145.000,00 | 471.700,00 | 141,20 |
| 44990 | Трош.за технички преглед | 146.585,00 | 118.382,00 | 28.203,00 | 123,82 |
| | **Вкупно:** | **82.859.745,00** | **111.494.898,00** | **-28.635.153,00** | **74,32** |

Останатите трошоци од работењето за 2021 година во однос на 2020 година се намалени за 28.635.153,00 денари. Најголемо влијание, во намалувањето на оваа категорија на трошоци, имаат трошоците по основ на трошоци за услуги од АПВ кои се намалени за 28.464.312,00 денари или 33,57%.

| К-то | Опис | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 44900 | Ост.интелек.услуги | 61.091,00 | 99.989,00 | -38.898,00 | 61,10 |
| 44902 | Правни, адвокат.и нотарски услуги | 10.791.086,00 | 9.302.586,00 | 1.488.500,00 | 116,00 |
| 44903 | Трош.за услуги за ревизија и проценка | 384.000,00 | 380.000,00 | 4.000,00 | 101,05 |
| 44904 | Услуги за преписи и преводи | 0,00 | 991.804,00 | -991.804,00 | 0,00 |
| 44905 | Трошоци за вештачење | 8.000,00 | 10.000,00 | -2.000,00 | 0,00 |
| 44906 | Трош. за судски извршители | 380.945,00 | 28.555,00 | 352.390,00 | 1334,07 |
| | **Вкупно:** | **11.625.122,00** | **10.812.934,00** | **812.188,00** | **107,51** |

Кај овие видови на трошоци, во делот на правните, адвокатските и извршителските услуги бележиме зголемување во однос на 2020 година поради извршените утужувања во 2021 година. Трошокот за услугите за преведување се намалени поради тоа што во 2021 година заврши Договорот за вршење на услуга и не е склучен нов.

**ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ**

**Трошоци за вработени** ги опфаќаат нето платите и надоместоците за редовно вработените лица, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за вработување и за ангажираните лица за спроведување на програмата за дополнителни активности. Споредено со 2020 година истите се зголемени за 21.768.186,00 денари, односно за 3,87% заради зголемен број на лица вработени на определено време и за спроведување на програмата за дополнителни активности за која беа зголемени средствата поради зголемување на минималната плата.

Во овие трошоци влегуваат и останатите трошоци за вработените- отпремнина за одење во пензија, помош во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, надомест за непрекинато боледување од 6 месеци, други надоместоци на вработени, патни трошоци за службени патувања и надомест за месечни карти за вработени кои за извршување на работните задачи мора да го користат јавниот превоз. Исплатата на овие трошоци се врши согласно важечката законска регулатива и истите се намалени за 6,10% заради намалени трошоци по основ на надомест за непрекинато боледување и патни трошоци за службени патувања.

**Вкупните трошоци за вработените се следни :**

| ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 394.393.976,00 | 379.540.982,00 | 14.852.994,00 | **103,91** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 80.075.759,00 | 77.123.579,00 | 2.952.180,00 | **103,83** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 105.190.968,00 | 100.882.844,00 | 4.308.124,00 | **104,27** |
| Останати трошоци за вработените | 5.308.941,00 | 5.654.053,00 | -345.112,00 | **93,90** |
| **Вкупно:** | **584.969.644,00** | **563.201.458,00** | **21.768.186,00** | **103,87** |

| РЕДОВНО ВРАБОТЕНИ | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 371.143.671,00 | 355.828.864,00 | 15.314.807,00 | **104,30** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 77.492.565,00 | 74.489.076,00 | 3.003.489,00 | **104,03** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 103.871.314,00 | 99.630.190,00 | 4.241.124,00 | **104,26** |
| Останати трошоци за вработените | 5.308.941,00 | 5.654.053,00 | -345.112,00 | **93,90** |
| **Вкупно:** | **557.816.491,00** | **535.602.183,00** | **22.214.308,00** | **104,15** |

| АНГАЖИРАНИ ЛИЦА СО ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ | I-XII-2021 | I-XII-2020 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 23.250.305,00 | 23.712.118,00 | -461.813,00 | **98,05** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 868.168,00 | 2.634.503,00 | -1.766.335,00 | **32,95** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 1.319.654,00 | 1.252.654,00 | 67.000,00 | **105,35** |
| **Вкупно:** | **25.438.127,00** | **27.599.275,00** | **-2.161.148,00** | **92,17** |

Трошоците се зголемени за 22.214.308,00 ден. заради зголемен број на лица вработени на определено време (131 работник).

